# ПЕНЗИОНЕР плус

СЗПМ **БЕСПЛАТЕН ВЕСНИК**
» за сегашни и за идни пензионери

Излегува еднаш месечно. Редакција тел. 02 3223 710 **e-mail: vesnik@szpm.org.mk www.szpm.org.mk**

Година X, број 108-109 ISSN 1857-7660

18 август 2017 година


NLB Banka

ЗП Радовиш и Конче

## Незаборавна средба во Ораовица

На 23.07.2017 год. околу 10.000 пензионери се дружеа во манастирскиот комплекс Св. Ѓорѓија кај село Ораовица. Токму на оваа место во пазувите на питомата планина Плачковица, волшебната природа, убавините со раскош ги растурила.

Се започна пред петнаесеттина години кога за прв пат пензионерите од Штип, Струмица и Радовиш организираа „Пикник на зелено“ кај Ораовичкото манастирче. Во последните седум години овде се организираат најмасовните пензионерски средби.



Уште во раните утрински часови, караванот од стотина автобуси и уште толку минибуси и комбиња ги донесе љубителите на природата, на дружбата, на песните, ората и музиката во кругот на манастиркиот комплекс. По пристигнувањето, некои отидоа во убавата новоизградена црква, а некои веднаш побараа ладовина каде ќе го поминат овој убав ден. На задоволство на сите присутни, штом се слушнаа веселите звуци, никој не можеше да им одолее и да не заигра на убавото македонско оро и да запее. Потоа се создаде пријатен амбиент каде пензионерите уживаа во природните убавини и шумолењето на столетните дабови и ореови дрвја што ги примија сите, под своите ладни сенки.




На почетокот гостите ги поздрави претседателката на Активот на пензионерки **Павлина Чабукова**, потоа претседателот на ЗП Радовиш и Конче **Јордан Костадинов** на сите присутни им посака срдечно и топло добредојде. И оваа година меѓу најбројните беа Штипјани и Струмичани.

Во името на градот домаќин гостите ги поздрави градоначалникот на општина Радовиш, **Сашко Николов** кој на сите присутни ии посака убав ден и пријатно дружење, во кое ќе се воспостават нови пријателства, ќе се разменат искуства и идеи со што и понатаму ќе се унапредува пензионерското организирање.

На пензионерите им се обрати и ктиторот **Николајчо Николов** кој со сопствени средства ја изгради убавата манастирска црква Св. Ѓорѓија. Тој со нескриено задоволство истакна дека е изненаден од виталноста и од начинот на организирање на пензионерите и дека се радува што овој прекрасен предел е толку посакувана дестинација и за помладите и за пензионерите, и како таков од година во година прераснува во Туристичко–рекреативен центар во источна Македонија.

Средбата официјално ја отвори потпретседателот на ИО на СЗПМ, **Салтир Каровски** кој одкако ги поздрави присутните, зборуваше за значајот на пикник средбите, за стандардот на пензионерите и за заложбите на Сојузот и Министерството за труд и социјална политика во врска со донесувањето на законот за пензионерско организирање.

Покрај богатата целодневна програмска содржина, собирот беше искористен и за одржување на работен состанок кој имаше за цел, подобро запознавање и размена на искуства од претставниците на Здруженијата и Сојузот.

Пензионерите учесници на овој величествен собир уживаа во природа и во богатата културно–уметничка програма, а за добрата забава се погрижи познатата музичка група „Златни Прст“, предводена од раководителот Никола Јованов. Оваа пикник средба долго време ќе ја паметат пензионерите.

**Љилјана Младеновска**

## Делегација на СЗПМ во МТСП

Министерката за труд и социјална политика во Владата на РМ Мила Царовска, на 1 август 2017 година ја прими делегацијата на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија предводена од претседателот Драги Аргировски, а во која беа и Бесник Поцеста, претседател на Собранието на СЗПМ, Салтир Каровски, потпретседател на ИО на СЗПМ и Станка Трајкова, секретар на ИО на СЗПМ.



Во пријатна атмосфера министерката беше запознаена со целите и задачите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и здруженијата на пензионерите – членки на Сојузот. Претседателот Аргировски ја информираше за постигањата на Сојузот, како најмасовна невладина мултиетничка граѓанска организација во државата и се заложи за континуитет на соработката на СЗПМ со Министерството за труд и социјална политика за сите прашања од интерес на пензионерите во нашата земја. Меѓу другото, министерката беше запознаена со генезата и значењето на Солидарниот фонд, издвојувањето и располагањето на средствата за солидарен фонд кои во ФПИОМ се уплатуваат на посебна сметка и се строго наменски детерминирани, желбата на пензионерите за продолжување на бањско–климатската рекреација и на други владини проекти, како и потребата од изградба на нови пензионерски и старски домови во Скопје, Кочани и во други градови во земјата каде што има најголема потреба од тоа.

Претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, на министерката Мила Царовска и ја врачи Монографијата „Пензионерски активности за почит“ што беше издадена по повод одбележувањето на 70–годишнината од пензионерското организирање во Македонија, како и Билтен од пензионерските ревии на песни, музика и игри од 2017, Билтен од пензионерските спортски натпревари од 2016 година и новиот број на бесплатниот весник „Пензионер плус“ наменет за сегашните и идните пензионери.

Министерката Царовска ги поздрави активностите на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како многу значајни за пензионерската популација и даде согласност да биде покровител на 22–рите републички пензионерски спортски натпревари кои на 2 септември 2017 година ќе се одржат во Кочани.

**С. Трајкова**

ЗП Куманово

## 16-ти меѓународен „Еко хепенинг 2017“

И оваа година, на 4 август, ЗП Куманово беше организатор на манифестацијата „Еко хепенинг 2017“, што се одржа во славното Пелинце, во кое се наоѓа и историскиот комплекс на АСНОМ. И покрај високите летни температури (над 40 степени) околу две илјади пензионери од Македонија и соседна Србија допатуваа да се дружат, забавуваат и уживаат во прекрасниот природен амбиент покрај реката Пчиња.



Со свечено интонирање на химната, беше означен стартот на 16–то по ред издание на оваа манифестација, а прв топло добредојде и пријатен престој на учесниците им посака претседателот на ЗП Куманово, **Спирко Николовски,** истакнувајќи дека овие средби од меѓународен карактер имаат за цел ширење на мир и пријателство меѓу луѓето кои живеат на овие балкански простори, а пензионерите на овој начин даваат убав пример за градење на мостови меѓу минатото и сегашноста, за поубава и посветла перспектива и иднина. Свое обраќање во Пелинце имаше и секретарот на Општина Куманово, **Валентина Алексовска**, која не го криеше своето задоволство од успесите што ги постигнува ЗП Куманово, потенцирајќи ја добрата соработка што ја имаат пензионерите со локалната самоуправа. Добро здравје, среќа и долг живот на учесниците на манифестацијата им посака и претседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста**, кој ја имаше честа официјално да ја прогласи средбата за отворена. И гостите од Врање и Прокупље од Србија, искажаа пофални зборови за кумановското пензионерско здружение, со желба успешната соработка да се продлабочува и во наредниот период. Потоа се играше оро, се пееја песни и се другаруваше.

**Јасмина Тодоровска**



### ВО ОВОЈ БРОЈ...



ИНТЕРВЈУ СО Д-Р ВЕЛЕ АЛЕКСОСКИ стр. 2


СОРАБОТКА СО БУГАРСКИТЕ ПЕНЗИОНЕРИ стр. 3

13 СЕДНИЦА НА ИО НА СЗПМ стр. 4 и 5


ИНТЕРВЈУ СО НИЈАЗИ ЦЕЛИЛИ стр. 7

ОД ГОДИНА НА ГОДИНА СÈ ПОКВАЛИТЕТНИ И ПОМАСОВНИ стр. 8 и 9

ИНФО стр. 10

ИЗБОР НА АЛБАНСКИ стр. 12

ВЕЖБАЊЕТО И ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ КАЈ ПОСТАРИТЕ ЛИЦА стр. 13

ЗАБАВА стр. 15


СРЕДБА КАЈ МАНАНСТИРСКИОТ КОМПЕКС ВО ПАНТЕЛЕЈ стр. 16


### ЌЕ ИЗЛЕЗАТ

**14. септември** во „Нова Македонија“ - Пензионерски видици

**28. септември** - Прилог за пензионери во „Коха“

**20. септември** „Пензионер плус“


Вашата пензија секогаш на први во месецот.

**НЛБ** Сребрен пакет

NLB Banka

Интервју со д–р Веле Алексоски, претседател на ЗП Велес

# Хуманоста и меѓусебната солидарност - пред сѐ и над сѐ

**● Почитуван претседателе Алексоски, имате завршено Филолошки факултет - група Француски јазик, сте докторирале на Универзитетот во Стразбур - Франција на Историскиот институт на тема Историја и цивилизации на Југоисточна Европа. Сте работеле како професор во Македонија и Франција и како новинар. Имате издадено повеќе книги на тема Македонија и македонската историја од научен карактер. Што ве поттикна да се нафатите да бидете претседател на ЗП Велес?**



– По завршувањето на четиригодишниот мандат на претходната гарнитура и на тогашниот претседател со кого добро соработувавме, сметав дека е потребно внесување на некои иновации во работата на Здружението. Особено бев заинтересиран за подобрување на руралните ограноци и отворање нови пензионерски домови. Нашето здружение ги опфаќа редовните и наследните пензионери од општините Велес, Градско и Чашка. Тоа спаѓа во побројните здруженија и не би било фер сите активности да се одвиваат во градот, а дружењето на пензионерите по селата да биде запоставено, пасивно или како воопшто да не постои. Сето ова ми беше предизвик да се нафатам да бидам претседател на Здружението. Тоа сум од 2015 година, а пред тоа четири години бев секретар на Здружението.

**● За овој период откако сте претседател што имате постигнато?**

– Како што реков во претходниот одговор, прво што презедовме е подобрување на условите во Домот во градот Велес. Целосно ги реновиравме сите простории, особено оние каде што хигиената беше на многу ниско ниво. Поставивме натстрешница од стотина метри квадратни каде што пензионерите претстојуваат во топлите денови. Ја реновиравме водоводната и канализационата инсталација и друго. Во огранокот во Отовица изградивме нова зграда за пензионери и младинци со што се интензивира интергенерациската соработка. Во општина Чашка, во Богомила целосно го реновиравме запуштениот поранешен задружен дом кој стана излетничко–рекреативен дом со 40 легла, кујна и спортска сала. Домот е од отворен карактер и за скромна сума претстојуваат и пензионери и младинци како и други граѓани. Всушност тоа е еден вид воздушна бања. Овој дом беше пуштен на 2 Август – Илинден, минатата година, а овој Илинден свечено биде пуштен во употреба реновираниот, односно новоизградениот дом во Градско. Досегашната помошна просторија ја направивме прекрасна банкет–сала. Би навел и неколку активности кои не се новини, туку посодржајни и поинтензивни културни и спортски содржини. Така сега имаме и интерни спортски натпревари меѓу пензионерите од општините Велес, Чашка и Градско. Целта на овие интерни натпревари не е само да се изврши селекција на спортистите, туку и да се продолжи времетраењето на натпреварите. Тројно се зголеми бројот на учесниците на спортските и културните настапи. Оваа година нашето здружение го освои првото место како вкупен победник на петтиот регион за коешто го добивме преодниот пехар. А се покажавме и како добри домаќини и организатори.

На ревиите на песна, музика и игри настапуваме перманентно и на републичките и на регионалните ревии. Со минатогодишниот перформанс, Гемиџиите и убиството на Миле Поп Јорданов ја воодушевивме публиката во Скопје, а оваа година истото се случи со сценската изведба на „Ленка“ од Кочо Рацин. Покрај пејачката група во нашето здружение постои и Клуб на писатели–пензионери, но и група на хуманисти – волонтери кои се грижат како за социјалната состојба, така и за здравјето на пензионерите. Има медицинска сестра – дежурна за вечерните часови, но ги користиме и услугите на пензионирани врвни специјалисти.

Морам да напомнам дека во почетокот на јануари, годинава, го усогласивме нашиот статут со статутот на СЗПМ.

**● Со општина Велес имате потпишано „Стратегија за грижа за стари и изнемоштени лица“. Што тоа значи?**

– Уште пред 5–6 години беше воведена национална стратегија – „Грижа за стари и немоќни стари лица” која беше прифатена на локално ниво, а ние како здружение со оглед на структурата на нашето членство со задоволство ја прифативме и за истото соработуваме со повеќе субјекти. Кон крајот на минатата година ја усвоивме новата четиригодишна стратегија. Парични средства одвојува исклучително нашето здружение, нормално соработуваме и со општината Велес. Средствата комисиски ги одобруваме на најзагрозени лица, бездомници, немоќни, невработени итн. Интервенираме при елементарни непогоди од 10.000 до 20.000 денари, поделивме на семејства чиишто домови изгореа минатата година. Помогнавме и на неколку семејства во поплавените места во Скопско – Стајковци и Инџиково.




**● И за крај, имате ли нови идеи за подобро организирање на пензионерските асоцијации?**

– Јас и порано, а и сега како претседател пред колегите јавно кажувам: Секоја чест на мудроста на пензионерите од пред 70 години, кои биле само неколку стотици во Македонија и кои измислиле вакви солидарни асоцијации. Без разлика на нивната идеолошка определба за нивната мудрост капа им симнувам. Вака цврсто и силно организирани пензионерски асоцијации на Балканот, а и во Европа се ретки. Заради тоа ние треба да бидеме уште пообединети и да постои еден единствен пензионерски сојуз во државата, бидејќи нашите колеги од инвалидските здруженија од здруженијата на трудовите или телесните инвалиди ја немаат моќта на самопомагање, затоа што нивниот број од година на година е се помал и помал. А дека така обединети ќе бидеме уште посилни нека се потсетат моите врсници на приказната за „Седумте браќа и снопчето со седумте прачки“ кое никогаш не можеле да го скршат. Згора на ова би порачал: политичките партии подалеку од невладините асоцијации, посебно од пензионерските здруженија. Ние сме опстанале со децении благодарение на еднаквоста и меѓусебната солидарност, избегнувајќи ги политичките расправи во здруженијата. Ние сме сите „една партија“ – пензионерска организација која се грижи за сите членови без разлика на нивната политичка, партиска, конфесионална, етничка и која било друга припадност. Gens una sumus! – сите сме еден род.

**Разговорот го водеше Калина С. Андонова**

ЗП Велес

# Свечено пуштен во употреба Дом на пензионери во Градско

Во чест на двојниот македонски празник Илинден на 2. август 2017 година, свечено беше пуштен во употреба Дом на пензионери во Градско. Со пригодни обраќања домот во употреба го пуштија претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски и претседателот на ЗП Велес, Веле Алексоски.

Пред голем број пензионери и гости на отворањето на свеченоста претседателот **Веле Алексоски** истакна дека во Градско пензионерите досега користеле мала сала од 25 м2. Под истиот покрив имало напуштена помошна просторија од 140 м2 целосно руинирана чиј еден дел бил и опожарен. ЗП Велес со сопствени средства ја реновираше оваа просториија со што се доби современ објект со нова сала од околу 70м2, нови додатни простории и натстрешница од 70м2. Сега пензионерите од Градско ќе има каде да се дружат и да се подготвуваат за своите активности.

Претседателот **Драги Аргировски** на свеченото отворање најпрвин на сите присутни од името на СЗПМ им ги честиташе илинденските празници, а потоа говореше за значењето на се поголемата соработка помеѓу Сојузот и здруженијата, како и за зголемената грижа за развиток на ограноците, за отворање на клубови на пензионери во кои се одвиваат организирани активности за здраво и активно стареење.

Гостите ги поздрави и градоначалничката на Градско, **Жанета Чаушевска**, која посебно ја истакна добрата соработка со пензионерите и искажа надеж дека овој дом ќе придонесе за подобро организирање и соработка на сите пензионери од општината Градско.



Инаку, ЗП Велес последните години води зголемена грижа за условите за престој на своите членови – пензионери. Од таа причина се изгради Рекреативниот дом во Богомила, Домот за млади и пензионери во Отовица, се поправи Домот на пензионери во Чашка, клубовите на Здружението во ограноците, станбените простории во Домот во Велес и друго.

**Н. Алексоска**

# Усвоени значајни проекти од Советот за социјална сигурност

На 25 јули 2017 година Советот за социјална сигурност во Министерството за труд и социјална политика, одржа седница на која се разгледаа и усвоија Проекти како програмски задачи за 2018 г. кои ќе значат унапредување на социјалната положба, интеграција и подобрување на животниот стандард на корисниците на пензија. На седницата членовите на Советот ги поздрави министерката за труд и социјална политика Мила Царовска која покажа значителен интерес за предложените проекти со значајно учество во работата на Советот.

За работата на седницата на Советот од сите претставници беше побарано да достават проекти со основна цел промоција на социјалните права и интереси на корисниците на пензија со предлози за мерки и активности за подобрување на стандардот на пензионерите како значајна целна група на граѓани во нашата држава.

Проекти кои беа предложени од СЗПМ и би значеле унапредување на социјалната положба на корисниците на пензија се следните:

1. Утврдување на конечни податоци во матичната евиденција на ФПИОМ за осигуреници кои се 2–3 години пред пензија како би можеле побрзо да остварат право на пензија. Фондот на ПИОМ оваа задача би ја извршувал по службена должност, а по потреба и учество на идниот пензионер. Овој проект многу позитивно ќе се одрази во благовремено обезбедување на материјалната сигурност на идниот пензионер по престанок на работниот однос;

2. Адаптирање на делови на неискористен простор во општите болници – за постоење на Геронтолошки одделенија бидејќи има дефицит односно голема потреба за сместување на старите лица;

3. Можност за лекување на корисниците на пензија во приватни здравствени установи со доплата на разликата на цената меѓу цената на услугата во јавното здравство и приватната здравствена организација;

4. Ослободување од целосна партиципација за обезбедување на здравствената заштита (прегледи, дијагностички испитувања и болничко лекување);

5. Зголемување бројот на лековите на позитивната листа кои се на товар на Фондот за здравство и обезбедување односно континуирана снабденост на лекови во аптеките во целиот месец, а не само во првата половина од месецот;

6. Целосна опфатеност на руралните средини со подвижни аптеки и создавање услови за работа на теренските лекари задолжително проследени со аптека за да не мораат старите лица да одат во блискиот град по лекови што претставува нецелосна здравствена заштита на пензионерот;

7. Изградба на старски пензионерски државни домови со цени прифатливи за пензионерите;

8. Постоење на континуирана контрола на работењето на приватните старски домови согледана од повеќе аспекти (правен, економски, здравствен, социјален, хуман и достоинствен) што е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, а по потреба да се подготви студија и од соодветна стручна и компетентна институција од оваа област како насоки за решавање на круцијални прашања;

9. Закон за дополнување на Законот за здравствено осигурување со создавање правна основа децата на корисниците на пензија да остварат право на боледување за нега на своите стари и болни родители – пензионери;




10. Ќе се предлагаат и други проекти кои ќе се наметнат со својата актуелност. Работата на Советот беше збогатена со предлози и од други претставници од Министерството за здравство, Фондот за здавствено осигурување на Македонија, Црвениот крст и други субјекти членови на Советот. Посебно заслужува да се издвои Предлогот од Фондот на ПИОМ на местото каде што сега се наоѓа Комисијата за оцена на работната способност во општина Карпош да се изгради нов објект и во приземјето да биде сместена Комисијата за оцена на работната способност, а на останатите катови да се изградат станбени единици за корисниците на пензија со околу 100 станови.

Членовите беа информирани дека проекти чија имлементација ќе започне во 2018 година се следните:

– ќе се воведе задолжително издавање преглед за стаж и плати, со потврдени податоци во матичната евиденција, за сите работници, три години пред исполнувањето на условите за пензија;

– пензиите ќе се усогласуваат два пати годишно, според порастот на трошоците на животот во висина од 50% и порастот на платите во висина од 50% и ќе се разгледува можноста за дополнително усогласување на пензиите;

– ќе се донесе подзаконски акт за утврдување на минималната и максималната цена на сместување во прифатните установи за грижа на старите лица, како и зајакнување на контролата во овие установи;

– ќе се воведат нови пакувања лекови, како можност за подигање на терапијата на парче за хронично болните лица и ќе се овозможи тримесечна терапија;

– ќе се унапреди соработката со невладиниот сектор (Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија, Црвениот крст на Република Македонија) за обезбедување социјални и здравствени услуги на старите лица.

На седницата, исто така, по предлот на СЗПМ и МТСП се утврди потребата од продолжување на проектот за бањско–климатска рекреација за пензионерите со можност за ревидирање на критериумите за упатување и користење на услугата.

Во Советот за социјална сигурност членуваат претставници од СЗПМ, Фондот на ПИОМ, ФЗОМ, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за здравство, Црвениот крст на РМ, Министерството за труд и социјална политика, МАПАС и двете пензиски друштва.

**Станка Трајкова**

ЗП Кочани

# Средба со побратимите од ЗП Центар

Педесетина пензионери од ЗП Центар од Скопје, на 12 јули престојуваа во посета на своите пријатели и побратими пензионери од ЗП Кочани. На средбата, која започна во прекрасниот амбиент на мотелот „Аква“, пензиомнерите од двата града се дружеа и разменија искуства од досегашното воспоставено пријатетсво, а договорија и средба во Скопје за Денот на ослободувањето на градот 13 ноември.



– Денешната средба е можност повеќе пензионери од двете здруженија да се дружат, да разменуваат пријателства и да се договараат за наредни средби кои веќе стануваат традиционални по двапати во годината. Ние сме збратимени здруженија и соработката планираме да ја прошириме на повеќе полиња, пред се на рекреацијата и посетата на планинските предели на Поникva, – изјави **Павле Спасов**, претседател на ЗП Центар од Скопје.

– Средбата во Кочани е значајна пред се за искреното пријателство и изнаоѓање заеднички содржини за натамошно негување на оваа традиција. Покрај дружењето, на средбата најуспешните пензионери спортисти ги одмерија силите во две спортски дисциплини: шах и стрелаштво. Притоа победници немаше, бидејки победи пријателството и другарството меѓу сите учесници, – рече **Ѓорѓи Серафимов**, претстедател на пензионерите од Кочани.

Во рамките на заедничката средба беа проследени и неколку интересни содржини од програмата на годинешните петровденски празнувања во Кочани.

**К. Герасимов**

Активности на СЗПМ

# Соработка со бугарските пензионери

На 31 јули 2017 година делегација на „Сојуз на пензионери 2004“ од Бугарија предводена од претседателката **Валентина Николова** се сретна во просториите на СЗПМ со раководството на Сојузот. Во составот на бугарската делегација беше и Надежда Костова, главен организатор на културни настани на ниво на Сојузот на бугарските пензионери, а од македонска страна гостите ги прими претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, потпретседателот и секретарот на ИО на СЗПМ Салтир Каровски и Станка Трајкова, претседател на ЗП Куманово Спирко Николовски, претседателот на комисијата за информирање на СЗПМ Калина С. Андонова, членот на комисијата за меѓународна соработка Илија Глигоров и претседателот на комисијата за култура Мендо Димовски.





На средбата беа разменети искуства и сознанија за двата сојуза. Гостите од Бугарија се интересираа за начинот на кој се организирани пензионерите во Македонија, а особено за функционирањето на Одборот на регистрираната организација за солидарна помош и членарина, како и за бенефициите кои ги имаат македонските пензионери, за нивните права, за начинот на информирање и друго.

На средбата претседателот Аргировски и врачи на претседателката Николова Монографија на СЗПМ по повод 70 години од пензионерското организирање во Македонија.

Пред средбата во Скопје, делегацијата го посети Куманово и беше на поетското бдеење во мегалиската обсерваторија во Кокино каде секоја година се одржува поетско читање и се доделуваат награди. Оваа година бугарката Елена Алекова е добитник на прва награда на оваа меѓународна манифестација на која учествуваат и пензионери поети.

**К.С.А.**

ЗП Битола

# Распеани пензионери



На 11 јули во организација на Здружението на пензионери од Битола, во салата на Народниот театар се одржа регионална културна манифестација „Пензионерите пеат“.

Манифестацијата ја водеше потпретседателот на битолските пензионери Цветанка Ангелевска, која кратко ги запозна гостите со културно-историското значење на градот и им посака добредојде на гостите од попеќе градови. Истите ги отвори **Томе Илиовски,** претседател на ЗП Битола, при што нагласи:

– Пензионерите пеат прераснува во традиционална регионална културна манифестација, која има повеќе уметнички карактер. Овде би сакал да ја нагласам заложбата за зближување, другарување и на овој начин разубавување на пензионерските денови. Ние секогаш ќе се залагаме за подржување на ваквите манифестации, но и унапредување со нови содржини, се со цел збогатување на програмата и ангажирање на што поголем број на наши пензионери. Изворните народни песни и обичаи кои сме ги практикувале да ги пренесеме или оставиме во аманет на нашите млади генерации, а како најдобра прилика за тоа се токму ваквите манифестации.

На оваа 17-та по ред регионалната манифестација "Пензионерите пеат", настапија: Пеачката група „Сирма Војвода“, при Здружението на пензионери од Битола, ЗП Гевгелија, ЗП Кавадарци, Инвалидските пензионери од Кавадарци, ЗП Прилеп, ЗП Неготино и ЗП Демир Капија кое учествуваше за прв пат на оваа манифестација.

Сите изведби на вокалните и играорни групи, со особено внимание беа следени од присутните, кои и покрај топлото време ја наполнија салата.

Се стекнаа нови пријателства, а со старите се продолжи во големиот ресторант "Император", под Тумбе Кафе, каде што во исклучително пријатна и весела атмосфера неколку сати поминаа во вистинско дружење, заедничко оро и песна.

**Добре Тодоровски**

ЗП Охрид и Дебрца

# Одбележана 67-годишнината од постоењето на здружението

Денот на ЗП Охрид и Дебрца и 67-годишнината од постоењето на здружението, беа свечено одбележани на 1 јули 2017 година. На прославата присуствуваа претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, заменик-градоначалникот на Охрид Ангел Јанев, претседателот на Советот на општината Гордана Коњаноска, претседателката на ЗП Врање Мирослава Трајковиќ, претседателот на Конфедерацијата на синдикатот на пензионери од Поградец, Албанија. Назив Далјани, претседателот на ЗП Солидарност – Аеродром, Димитрија Богатиноски и делегации предводени од претседателите на ЗП Прилеп – Кирил Ѓорѓиески, Битола – Томе Илиоски, Гази Баба – Ѓорѓе Андонов, Кочани – Ѓорѓи Серафимов, и други гости.

Свеченоста започна со исполнување и промовирање на свечената песна на ЗП Охрид и Дебрца „Јас сум пензионер“, во исполнение на пејачката група на КУД „Далги“, на текст од Ристо Трајкоски, музика Менде Бараkоски и аранжман на Димитар Китрозоски.

Потоа, пред присутните пензионери и гости, за успесите и развојот на ЗП Охрид и Дебрца пригодно обраќање имаше претседателот на ИО **Ѓорѓи Трпчески**, кој уште еднаш посочи дека успесите и активностите на здружението се резултат и на големата и сесрдна поддршка на здружението од страна на СЗПМ.

На гостите и присутните им се обрати и претседателот на СЗПМ **Драги Аргировски**, кој искажа многу пофални зборови поткрепени со факти за успесите на ЗП Охрид и Дебрца. Тој меѓу другото ја пофали соработката на охридското здружение со ЗП од соседните држави, збратименото здружение Солидарност – Аеродром од Скопје, како и најавата за соработка со пензионерите од Костур, Грција.

– ЗП Охрид и Дебрца предначи во својата активност и спаѓа меѓу најактивните во повеќе сфери кои многупати сум ги спомнувал, а тоа се спортот, културата, меѓугенерациската и мултиетничка соработка и друго, – истакна меѓу другото Аргировски.

Присутните на свеченоста ги поздравија и заменик-градоначалникот на Охрид **Ангел Јанев**, претседателот на ЗП Врање **Мирослава Трајковиќ** и претседателот на збратименото здружение Солидарност – Аеродром од Скопје, **Димитрија Богатиноски**.

Потоа, беше промовиран документарниот филм со работен наслов „Тоа сме ние – ЗП Охрид и Дебрца“, на авторот Ристана Меруџеска – Мојсоска. Пред присутните со своја лична творба под наслов „Пензионерска“ се претстави познатиот документарист од Охрид **Димитар Смилески**, член на ИО на ЗП Охрид и Дебрца. Потоа следуваше врачување на награди и признанија на истакнати личности кои дале свој придонес во развојот на ЗП Охрид и Дебрца. За особен придонес на СЗПМ во соработката со ЗП Охрид и Дебрца, на претседателот на СЗПМ Драги Аргироски му беше врачена ПОВЕЛБА. ЗП Охрид и Дебрца за првпат доделува вакво високо признание. За несебично залагање и завидни резултати во спортот и културата им беа врачени плакети на повеќе истакнати активисти на здружението. Благодарници добија здруженијата од Врање – Србија, Поградец – Албанија, Солидарност – Аеродорм и Гази Баба од Скопје, Битола, Прилеп, Кочани и Струга.



На свечената пригода, Спогодба за соработка меѓу ЗП Охрид и Дебрца и ЗП Врање, од Србија, потпишаа претседателите Мирослава Трајковиќ на ЗП Врање и Ѓорѓи Трпчески на ЗП Охрид и Дебрца.

**К. Спасески**

ЗП Кочани

# Кочани подготвено за републичката олимпијада

Кочани и Здружението на пензионери од овој град на 2 септември ќе бидат домаќини на 22-те Републички пензионерски спортски натпревари кои за првпат ќе се одржат во овој град. Претставници од Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија предводени од претседателот Драги Аргировски кој е и претседател на Организационен одбор на игрите, деновиве заедно со потпретседателот на ИО Салтир Каровски и претседателот на комисијата за спорт Здравко Петковски престојуваа во Кочани во обиколка на терените и запознавање со условите каде што ќе се одржи оваа најмасовна пензионерска спортска манифестација во нашата држава.

– Задоволни сме од условите во кои ќе се одржат напреварите од пензионерските спортски натпревари. Градскиот стадион и останатите придружни терени во негова околина се идеално место за одржување на предвидените спортски натпревари, според програмата на СЗПМ и Комисијата за спорт – ни изјави Драги Аргировски претседател на СЗПМ.

На годинашниве спортски натпревари се очекува да присуствуваат 1.200 учесници од кои 500 директни натпреварувачи кои ќе настапат во 11 спортски дисциплини во машка и женска конкуренција. На игрите во Кочани ќе настапат најдобрите екипи и поединци – претставници од 40 здруженија на пензионери кои се победници од осумте регионални спортски натпревари



кои се одржаа во мај и јуни во осум региони во Македонија.

– Како Здружение на пензионери за првпат ја имаме честа да бидеме домаќини на републичките спортски натпревари. Ќе направиме сѐ организацијата да биде успешна, а учесниците од средбата задоволни да си заминат од Кочани – ни изјави Ѓорѓи Серафимов, претседател на ЗП од овој град.

Наградите и признанијата ќе бидат доделени на прогласувањето на најуспешните во ресторант „Амор“ каде што ќе биде и заедничкото дружење на пензионерите спортисти и нивни гости од цела Македонија.

**К. Герасимов**

ЗП Лозово

# Воведување пензионерска социјална карта

ЗП Лозово ги започна подготовките за воведување Пензионерска социјална карта. Реализирањето на овој проект ќе биде од голема важност за



пензионерите, особено за оние кои живеат во руралните населени места оддалечени десетина и повеќе километри од општината. Во ЗП Лозово на 5-ти јули 2017 година се одржа состанок за реализација на Одлуката на Извршнит одбор на СЗПМ (донесена на 16.06. 2017) за воведување Пензионерска социјална карта во ова здружение, на кој од СЗПМ присуствуваа Станка Трајкова, секретар на Извршниот одбор и Јован Мазгански – изготвувач на софтверот за овој проект. Со состанакот раководеше претседателката на ЗП Лозово **Марија Моневска**, а истиот се одвиваше во пријатна работна атмосвера. Се поставуваа прашања, се толкуваа поими и се изнаоѓаа решенија за подобро имплементирање на проектот. Притоа се дојде до единствено сознание дека воведувањето на Пензионерската социјална карта е лична придобивка на пензионерот, но и општествено оправдана активност. Беа донесени и заклучоци кои на Здружението ќе му послужат како насоки во преземањето мерки за успешен почеток во однос на подготовката на потребните документи, одредувањето анкетари и регулирањето на сите обврски во текот на активностите. Секако, постои и обврската ЗП Лозово и СЗПМ редовно да ги информираат органите на двата субјекта за одвивањето на процесот.

**М.М.**

ЗП Центар

# Признание за градоначалникот Жерновски

За четиригодишната успешна соработка градоначалникот на општина Центар, Андреј Жерновски, доби признание од Здружението на пензионери на општина Центар.



Претседателот **Павле Спасов** се заблагодари за многу добрата соработка со градоначалникот и локалната самоуправа.

– Општина Центар е општина која што има пензионерски клубови во сите месни заедници, што укажува и на добрата комуникација и соработка, – истакна Спасов.

Општина Центар во изминативе четири години отвори четири пензионерски клубови, во кои пензионерите имаат можности за креација и дружење. На следната седница на на Советот на општина Центар, градоначалникот ќе достави предлог за отворање на петтиот клуб, кој ќе се наоѓа во катната гаража кај Судска палата.

**Т.А.**

Средба со Душко Шурбановски, долгогодишен поранешен претседател на СЗПМ

# Луѓето и делата не се заборааат

На 1 август 2017 година актуелното раководството на СЗПМ, Драги Аргировски, Бесник Поцеста, Салтир Каровски и Станка Трајкова го посетија долгогодишниот активист и поранешен претседател на СЗПМ Душко Шурбановски. Повод за посетата беше да му ја врачат плакетата по повод големиот јубилеј 70 години од пензионерското организирање во Македонија, која тој на денот на прославата од здравствени причини не беше во можност да дојде да ја прими. Плакетата на Душко Шурбановски му се доделува за неговиот особен придонес во развојот на Сојузот на здруженија на пензиоери на



Македонија. При посетата му беше врачена и Монографијата која Сојузот ја издаде по овој седум деценискиот јубилеј.

Шурбановски видно возбуден и задоволен што не е заборавен од своите помлади колеги и наследници се заблагодари за посетата и за фактот што не е заборавен ниту тој како човек, но ниту неговиот придонес во годините кога тој активно учествувал во животот и во активностите на Сојузот на здруженија на пензиоери на Македонија.

**К.С.А.**

13 седница на ИО на СЗПМ

# Сумирање на резултатите и одговор на неоснованите напади од ПОПГМ

На 18.07.2017 година се одржа 13–тата седница на Извршниот одбор на СЗПМ на која присуствуваше и претседателот на Собранието на СЗПМ, Бесник Поцеста. На почетокот на седницата со која раководеше, претседателот Драги Аргировски ги акцентираше активностите кои успешно се реализирани од усвоената Програма на СЗПМ за 2017 година. Во своето конкретно и концизно излагање тој констатираше дека зацртаното успешно е реализирано благодарение на раководството на СЗПМ и раководствата на сите здруженија членки, како и на секој поединец член на СЗПМ.

– Се разбира дека постојат уште работи кои треба да бидат реализирани. Треба да се продолжи со натамошните активности во врска со Законот за пензионерско организирање. Треба да се направи анализа и согледување во која мера здруженијата ги усогласиле своите Статути со новиот Статут на СЗПМ, потоа дали здруженијата како правни субјекти се придржуваат и ги почитуваат препораките што ги даде СЗПМ за финансиската проблематика и хуманитарните активности. како и за начинот на работа на Клубовите на пензионери, – елабориреше Аргировски.




Членовите на ИО беа информирани и за спроведените 8 регионални спортски натпревари, како и за подготовките за 22–ри Републички пензионерски спортски натпревари што ќе се одржат на 2. септември 2017 година во Кочани со присуство на околу 1200 пензионери, од кои 500 натпреварувачи од 40 здруженија. Се истакна дека од година во година расте интересот за учество на овие најстари пензионерски активности и дека натпреварите се се помасовни и подобро организирани, како и со забележителни резултати.

По точката од дневниот ред во врска со нападите врз СЗПМ и Претседателот на Сојузот од страна на партијата ПОПГМ преку порталот ИСТОК ПРЕС, претседателот Аргировски го даде следното објаснување:

– Пред сè сакам да ви кажам дека ова мое реагирање има само една единствена цел да се се потсетиме сите заедно на фактите и вистината кои се добро познати. Тие што мислат дека мене ќе ми наштетат се лажат. Нивното напаѓање единствено ќе му наштети на Сојузот и на 250 000 пензионери негови членови оневозможувајќи им да добијат уште бенефити и права како што е Законот за пензиско организирање, новиот закон за здравство и друго. Со овие напади што се далеку од вистината сакаат Сојузот да го померат на маргините на случувањата, а кој е Аргировски и тие што пишуваат и тие што поткажуваат добро знаат!

Но да тргнеме по ред во анализа на објавеното:

Јавно објавените тенденциозни сензационалистички дезинформации на Интернет порталот Исток прес сопственост на Иван Бојаџиски од Штип како соопштение од ПОПГМ на претседателот Илија Николовски и „портпаролот" Веле Митаноски од Охрид непријатно ме погодија и мене и моите најблиски Измислените криминали на претседателот и на СЗПМ е голема навреда и клевета не само за мене туку и сите над десет илјади раководни структури во Сојузот, здруженијата и огранците, што според нивните соопштенија се самобендисани раководства што недомаќински трошат средства од членарината на пензионерите и не нарекуваат шуплива клиетелистичка тврдина на некаков повампирен енверизам и на Ким Ил Сунг. Истовремено ПОПГМ ги повикува пензиоинерите на обединување, спротивно на Законот на здруженија и фондации и заложбите на Европската унија за натамошно јакнење на граѓански организации, наместо на партиите. Според Годишниот финансиски извештај доставен до Државниот завод за ревизија ПОПГМ во 2016 година остварила приход од членарина од 55.812 денари или месечно 4.650 денари. Ако месечната членарина изнесува 30 денари произлегува дека оваа партија има 155 членови од кои само стотина се пензионери. Знаејќи го тоа досега ретко ги демантиравме нивните лаги изнесени во пропагандни соопштенија, но овој пат навистина претераа нарекувајќи не криминалци. Се гледа дека нивна основна цел е да се создаде лажна слика за работата на СЗПМ, која е активно најмасовна невладина, неполитичка и мултиетничка организација со самостојни 53 здруженија како правни субјекти. Тоа секако нема да го дочекаат, бидејќи нивните лаги, груби манипулации со говор на омраза, добро и точно информираните стотици илјади пензионери со индикнација ги отфрлаат како неосновани и тенденциозни.

Последното нивно соопштение од 22 јуни 2017 година е полно со интриги и груби подметнувања, од кои се согледуваат нивните недостоинствени игри, манипулации и ноторни лаги. Станува збор за:

1. Делегацијата на СЗПМ што ја примил претседателот на државата и покровител на одбележувањето на 70 години пензионерско организирање во нашата земја било навреда за поголем број пензионери?! Според нивно нон–сенс тврдење претседателот на Република Македонија нема никакви надлежности во сферата на социјалната политика, па затоа Иванов требало добро да размисли кого прима, сеедно каков и да бил поводот, освен ако не сакал, како послушник на Никола Груевски, да му се оддолжи на Аргировски за трговијата и пазарот со честа на стотици илјади пензионери, ставајќи ги на политички пазар со предизборните меморандуми со владеачката ВМРО–ДПМНЕ? Занесен со омразата кон СЗПМ, претседателот на една маргинална партија, Николовски и неговите соработници, му кажува на претседателот на РМ што се неговите надлежности и му замеруваат зошто се грижи за најстарата популација во државата. Интересен и многу чуден став.

2. Не напаѓаат дека сме потпишале повеќе меморандуми со партии, а се знае дека е потпишан само еден меморандум за соработка за проекти во интерес на пензионерите во кој нема ниту еден збор за предвремените парламентарни избори. На седницата на Собранието на СЗПМ на 20 декември 2016 година согледувајќи ги фактите, сите напади беа едногласно отфрлени од највисокиот орган на Сојузот, а тоа беше потврдено и на состанокот на 20 април 2017 година од сите претседатели на здруженијата – членки на СЗПМ. СЗПМ е отворен за соработка со сите. Доколку ни се понуди таков меморандум ќе потпишеме и со новата Влада на РМ, односно со СДСМ.

3. Без никакви морални вредности групата на Николовски не напаѓа за објавената Монографија по повод 70 години пензионерско организирање во Македонија, наводно била луксузна, што е исто така голема лага, бидејќи таа нема никаков луксуз, единствено ако се мисли на богатата содржина. Главниот дел на средства за печатење се обезбедени од донации и реклами. Секое здружение на пензионери доби бесплатни примероци, а откуп на примероци за заинтересирани членови се врши со покривање само на печатарски трошоци. Во исто време им пречат и моите 21 авторски книги од кои седум се за пензионерска проблематика. За оние кои незнаат, првите две книги со оваа проблематика во 2006 и 2007 година ги објави НИП Нова Македонија без ниту еден денар од Сојузот, три објави како издавачка дејност печатницата, а последните две во чест на јубилејот ги издаде СЗПМ главно со средства од спонзори и се делени бесплатно на сите здруженија, како и на добитниците на јубилејните признанија. Ме чуди зошто таква завист и злоба за творештво за кое се добиени многу скромни авторски хонорари. Сето тоа е со умисла за да се наштети угледот и честа на најмасовната граѓанска организација – СЗПМ и на мене. Нека напише Николовски книга за пензионерски активности на членовите од ПОПГМ Сојузот ќе ја подржи, но полесно е а се добие мандат на пратеник и на убав надоместок со навредување и ширење лаги за оние кои се вредни и трудољубиви и се грижат за пензионерите.

4. Врв на манипулацијата, невистината и навредата е дека сум под кривичен прогон од 2014 година. Тоа е тенденциозна невистина, бидејќи кривичната пријава поднесена од Здружението на инвалидските пензионери од Охрид за кирија од Здружението на старосните пензионери Охрид и Дебрца е отфрлена како неоснована, а СЗПМ во овој спор не е странка. Спорот се водеше меѓу две здруженија правни лица – членки на два различни пензионерски сојузи во врска со сопственоста на Домот на пензионерите во Охрид. Последната пресуда на Општинскиот суд во Охрид утврди дека спорниот дом припаѓа на старосните пензионери, за што имаат валидни документи, дотолку повеќе што инвалидското здружение кога се градел објектот не било ниту формирано! Инаку, средствата од членарина се приватни, а здруженијата треба да ги користат наменски за активности на членството. И Клубот на пензионерите е во состав на Здружението на пензионерите Охрид и Дебрца и е формирано пред 18 години. Значи и оваа наводна мега афера на Аргировски и СЗПМ за која пишува Веле Митаноски е без ниеден доказ и е мега лага и груба клевета, и воопшто не е точно дека за наводниот случај биле заинтересирани Министерството за правда и Народниот правобранител. Заинтересиран е само ПОПГМ. Текстот е невистинит и навредлив и од аспект на професионализмот и етиката, бидејќи авторот пишува со намера за дискриминација, со говор на омраза, неточно и нефер, без да ја праша и нападнатата страна и не води сметка за презумција на невиност, дефинирана со член 13 од Уставот на државата, каде што пишува „дека секое лице ќе се смета за невино се додека неговата вина не биде утврдена со правосилна судска пресуда".

Од Веле Митаноски само тоа може да се очекува, бидејќи е познат како предавник на пријателите од партиите на кои им припаѓал, во медиумите ги критикувал и омаловажувал раководните лица на СДСМ, на ВМРО–ДПМНЕ, НСДП, Алијанса и други, со цел за себе да извлече некаква лична корист. Во последно време откако ја расипа соработката со Тито Петковски и со Владо Бучковски отиде во закрила на Илија Николовски станувајќи член на ПОПГМ и претседател на Огранокот во Охрид, со што сака на мала врата да дојде до позиција и материјална корист. На неговите лаги и клевети наседна и Иван Бојаџиски, неблагодарниот новинар сопственик на порталот Исток Прес од Штип.

Во нашето демократско општество различните мислења во принцип треба да носат квалитет и да водат кон прогрес, меѓутоа, во овој случај не е така бидејќи само со негаторски говор на омраза не се остваруваат суштински согледувања, туку се шири само клевета, за што и законски се одговара.

Потоа присутните беа информирани дека за овие неосновани напади раководството на СЗПМ даде два деманта. На едниот порталот Исток Прес од Штип одговори дека обвинувањата и текстот се од ПОП ГМ и дека вината е кај нив. Даден е и втор демант за наводна Мега афера во врска со Домот на пензионерите во Охрид за која се утврди дека е само мега лага, бидејќи деновиве и Општнскиот суд донесе пресуда дека ЗП Охрид и Дебрца има стекнато право на сопственост на Домот.

За неоснованите и непримерни клевети СЗПМ ќе поднесе и тужби. Присутните едногласно дадоа поддршка на преземените активности во врска со соопштенијата и со демантите кои им беа дадени на увид и ги отвфрлија сите напади како тенденциозни, измислени и невистинити.

**ПРВ ДЕМАНТ**

**Реакција по повод текстот на Партијата на обединети пензионери, објавен на ИСТОК ПРЕС – 22 јуни 2017 година.**

Во врска со текстот насловен како „Реакција на Партијата на обединети пензионери" истакнуваме дека клеветите против СЗПМ и Претседателот изнесени во споменатиот текст во целост ги отфрламе како невистинити, неосновани и тендециозни.

Согласно прописите, во рок од 48 часа бараме да се извините и ја повлечете памфлет–информацијата со уврeдлива, тенденциозна и со содржина на клевета.

Доколку во наведениот рок не ја повлечете памфлет–информацијата ќе побараме одговорност, односно ќе поднесеме тужба до надлежен суд.

Подолго време, имено од формирањето на Партијата на обединети пензионери, перманентно се вршат груби и неосновани напади врз Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија.

Атакот од политичка партија, врз граѓанска асоцијација, која непрекинато опстојува и се надоградува во македонската држава од седум децении, претставува ирационално и погрешно мешање на партиската во работата на граѓанско, непартиско, невладино и мултиетничко здружение во кое преку 250.000 илјади пензионери доброволно се вклучиле.

Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија и здруженијата на пензионери во со–

гласност со Законот за здруженија и фондации, Законот за пензиско и инвалидско осигурување и својот Статут, своето функционирање и остварување на богатите програмски активности финансиски го покрива преку доброволното издвојување на членарина во скромен износ, како и доброволно издвојување за Солидарен фонд од кој редовно се покриваат погребалните трошоци на покојниот пензионер.

СЗПМ преку своите органи и работни тела редовно ги следи сите овие ирационалности и досега повремено реагираше.

Крајно време е да се престане со сите измислени и инсинуирани напади врз Сојузот и здруженијата. Оставете за тоа да одлучат самите пензионери преку своите раководни структури ширум Републиката.

Конечно анализирајќи ги сите тие неоснованости, Сојузот заклучи дека во најскоро време ќе побара по редовна судска процедура да се утврдат вистините на атакувањето и дефинитивно да се казнат авторите на ваквото непримерно мешање на Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија во работата на една успешна граѓанска асоцијација.

Во име на раководниот тим на
Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија
**претседател Драги Аргировски**

**ОДГОВОР НА ИСТОК ПРЕС**

На барање на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија го објавуваме нивниот демант на соопштение кое Исток Прес го има добиено од Партијата наобединети пензионери и гргагани на Македонија.

Со оглед на фактот дека соопштението на ПОПГМ во однос на за СЗПМ „спорниот“ текст е добиено од самата Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија, односно дека не е редакциско–новинарски текст немаме ниту законска ниту било каква друга обврска за негово повлекување.

Го упатуваме раководниот тим на СЗПМ за предметниот текст – соопштение повлекување да побара од адресантот на соопштението на кое се однесува реакција на СЗПМ... Исток Прес е отворен за соопштенија на партии, граѓански здруженија, невладини организации но е отворен и за реакции во однос на таквите соопштенија.

Како што го правиме и во овој случај.

Со почит Исток Прес, гл. уредник Иван Бојаџиски

**ВТОР ДЕМАНТ**

**СЗПМ СОЈУЗ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ПЕНЗИОНЕРИ НА МАКЕДОНИЈА**

www.szpm.org.mk kontakt@szpm.org.mk administracija@szpm.org.mk

**ж-сметка 300000000953643**
**Комерцијална Банка АД СКОПЈЕ**
**ЕДБ 4030982263086**
**Број 283**
**Датум 10.07.2017**

**Бул „Кочо Рацин“ бр. 14**
**1 000 Скопје Македонија**
**Тел +389 2 3223 710**
**Факс +389 2 3128 390**
**П. фах 440**

**До**
**Исток Прес**
**Ул „Страшо Пинџур“ бб Штип**

**Предмет: Барање за објавување на демант**
**Врска: Ваш напис „Мега-афера“ од 16.02.2017**

Врз основа на законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (Сл.в.на РМ бр.143/2012), бараме:

– Да објавите на истиот медиум, демант на Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија, со кој ќе потврдите дека во текстот објавен на 16.02.2017 год. со наслов „Мега афера: – Аргировски „купувал“ слобода, пазарејќи се со власта на сметка на пензионерите!?“, се содржани невистини:

– Невистинит е текстот: – Драги Аргиривски е под кривичен прогон од 2014 година за сторено кривично дело непостапување по правосилна судска пресуда.

Нити се води кривична постапка, нити може да се води таква постапка против било кое лице, бидејќи такво кривично дело не е предвидено во Кривичниот Законик на Р. Македонија. Предвидено е кривично дело „Неизвршување судска одлука“ во чл. 377 ст. 2 од Кривичниот законик, но таква постапка не се води против Драги Аргировски, ниту постои судска одлука со која би било наложена било каква обврска за Драги Аргировски.

Таква постапка не се води ни против Ѓорѓи Трпчески нити постои судска одлука со која би било наложена било каква обврска за Ѓорѓи Трпчески.

Во написот се изнесени повеќе невистини и навреди:

– Невистинит е и навредлив текстот: „Аргировски тргува и се пазари со честа на стотици илјади пензионери, сокривајќи го своето бесчестие и ставајќи ги пензионерите на политичкиот пазар со предизборните меморандуми.“ Ваквите груби невистини Собранието на СЗПМ на седница на 20 декември 2016 година со индигнација ги отфрли како тендециозни и неосновани, бидејќи е потпишан само еден меморандум за проекти во интерес на пензионерите и во него со ниту еден збор не се спомнуваат предвремените парламентарни избори. Ваквиот став едногласно е прифатен и на состанокот со претседателите на ЗП што се одржа на 20 април 2017 година.

– Невистинит и навредлив е текстот: „Аргировски во функција должников должник не постапува и одбива да изврши наплата по правосилна судска пресуда“. Меѓутоа таква пресуда не постои.

– Невистинит е и навредлив текстот: „Аргировски не ги уплаќа повратните средства на сметка од Здружението туку на сметка од Клубот на пензионери кој бил формиран за да се заобиколи блокирањето на сметката по функција на должникот“. Потврда за тоа дека тоа тврдење е невистинито е фактот што тој Клуб е основан 1999 година и од тогаш непрекинато ја извршува регистрираната дејност. ЗП Охрид и Дебрца е правен субјект кој самостојно одлучува за својата работа. Средства од членарина се доставуваат од ФПИОМ преку Одборот на регистрираната организација за членарина и солидарен фонд и се исплаќаат на сметка што ја доставува Здружението за наменско користење за активности како и за хуманитарни потреби.

– Невистинит и навредлив е текстот: „Аргировски се оглушува на судските решенија“. Не постојат судски решенија со кои претседателот Аргировски и Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија би биле задолжени за било каква исплата на Здружението на Инвалидски пензионери од Охрид. Во спорот за сопственоста на Домот на пензионерите во Охрид кој се споменува во написот, не е странка СЗПМ и поради тоа не поседува било какви компетентни информации за да може да се изјасни за тој дел од неоснованиот напад. Дотолку повеќе што Основниот суд во Охрид деновиве донел пресуда дека ЗП Охрид Дебрца има стекнато право на сопственост на Домот на пензионерите во Охрид.

Авторите на написот „Мега афера“ направиле „Мега лага“ бидејќи ако трагале по вистината требале да ја прашат и втората страна што е професионална задача и не воделе сметка за чл.13 од Уставот на Р. Македонија за презумција за невиност.

Поради сето тоа бараме овој демант да се објави со извинување од порталот Исток Прес, да се повлече од страницата ПОПГМ и од Фејсбук и Твитер и да се сподели со Фејсбук и Твитер.

Ако не го објавите демантот со извинување во рок од 3 дена ќе бидеме принудени да поведеме судска постапка за надоместок на штета.

**Од раководната структура на СЗПМ**
Претседател Драги Аргировски

На крајот од дискусијата во која учествуваа: Бесник Поцеста, Салтир Каровски, Станка Трајкова, Илија Адамоски, Ѓорге Андонов, Ѓорѓи Серафимов, Димиртија Богатиноски, Александар Захариев, Шабан Сабриу, Душан Ристески, Јордан Костадинов, Мирко Макрешански, Олга Новачева, Ристо Трајкоски, Калина Андонова, Станко Сипковски, Ристо Франгов и Јован Ќирковиќ, едногласно беа донесени следните заклучоци:

**1. Изршниот одбор на СЗПМ на седницата одржана на 18 јули 2017 година расправајќи за неоснованите јавни напади од Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија едногласно со индикнација ги отфрли сите нивни напади врз СЗПМ и претседателот Аргировски, со оценка дека се тенденциозни и невистинити.**

**2. За неоснованите напади, манипулации, лаги и непримерни груби клевети врз честа и угледот на СЗПМ и претседателот Драги Аргировски, да се поднесат тужби преку адвокат против: Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија; претседателот Илија Николовски, како овластено лице; Веле Митаноски, портпарол и член на ПОПГМ; Иван Бојаџиски одговорно лице - главен уредник и сопственик на порталот Исток Прес.**

**3. Невистинитите и навредливите напади од Партијата на обединети пензионери и граѓани на Македонија треба да го зајакнат нашето единство, да се зголеми ентузијазмот и посветеност на пензионерската организација и да се зголеми интерактивноста меѓу СЗПМ, здруженијата и ограноците.**

**4. Двата деманти, дел од излагањето на претседателот Аргировски и заклучоците да бидат објавени на Веб страницата на СЗПМ и во весникот „Пензионер плус“.**

**5. Записникот од оваа седница на ИО со прилозите да се достави до сите здруженија на пензионери - членки на СЗПМ.**

**Извршен одбор на СЗПМ**

ЗП Битола

# Едногласна подрршка на заклучоците на СЗПМ

На 08.08.2017 година, се одржа седница на Собранието на ЗП Битола, со која раководеше претседателот на Собранието **Стево Бојаџиев,** при што беше разгледан полугодишниот финансиски извештај за тековното работење на Здружението и Извештајот на Надзорниот одбор. Претседателот на ЗП Битола **Томе Илиовски** во своето образложение за постигнатите резултати меѓудругото истакна:

– Исклучително сум задоволен од работењето на комплетното раководство, на службите и членството на Здружението бидејќи истото се одвиваше домаќински и аналитички, така што сè што беше планирано, во буквална смисла на зборот, сè е и остварено.

На седницата беше заклучено дека полугодието е завршено финансиски успешно и покрај многубројните активности.

Присутните на седницата дадоа и едногласна поддршка на заклучоците на ИО на СЗПМ во врска со неоснованите и тенденциозни напади од ПОПГМ.

– „Партија на обединети пензионери и граѓани на Македонија“, чиј претседател е Илија Николовски, континуирано неколку години наназад, на разни начини, во разни медиуми шири дезинформации за работењето на СЗПМ и неговите членки. Клеветите се однесуваат кон претседателот на СЗПМ Драги Аргировски, раководството на СЗПМ и раководствата на здруженијата. Нападите на оваа партија и нивниот претседател Илија Николовски (актуелен пратеник во парламентарното мнозинство), добро ѝ се познати на јавноста, особено нивните „чесни“ намери, – објасни Станко Сипковски, член на ИО на СЗПМ.

Покрај Собранието на ЗП Битола, како најбројно здружение со околу 18.000 членови, едногласна подршка на спомenатите заклучоци дадоа и ЗП Охрид и Дебрца, ЗП Гевгелија, ЗП Солидарност – Ааеродром, како и други здруженија членки на СЗПМ.

**Добре Тодоровски**




ЕКСКЛУЗИВНА ПОНУДА ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
Безгрижно
чекориме кон иднината
Осигурување за целото семејство
Бидете носител на осигурувањето на било кој член од вашето потесно семејство.
Полиси на рати
10 еднакви рати без камата, со административна забрана на пензијата.
Голем број осигурителни продукти
Осигурување од автомобилска одговорност, зелен картон, каско-осигурување на моторни возила, домаќинско осигурување, како и останати имотни осигурувања според вашите потреби.
Продажна мрежа
Полисите можете да ги купите само во подружниците на Сава Осигурување и експозитурите на НЛБ Тутунска Банка.
Едноставна процедура
Дојдете во некоја од продажните локации, со себе носете чек од пензијата и лична карта, а потоа потпишете ја полисата со пропратната документација.
Сите останати процедури се обврска на Сава осигурување и Фондот на ПИОМ.
Партнери:
ФПИОМ
www.piom.com.mk
70 години
www.szpm.org.mk
SAVA
OSIGURUVANJE


ПОН ВТО СРЕ ЧЕТ ПЕТ САБ НЕД
1 2 3 4
5 6 7 8 9 10 11
12 13 14 15 16 17 18
19 20 21 22 23 24 25
26 27 28 29 30 31
NLB Banka
VISA
НЛБ Сребрен пакет
Вашата пензија
секогаш навреме
НЛБ Сребрен пакет
• Visa Electron дебитна картичка
• ПЕНЗИОНЕР+ Maestro картичка
• Зегин - НЛБ Банка картичка
• Кредитни картички
• Трајни налози
• Сребрен кредит за пензионери
• Депозити за пензионери
Поволности
• Пензија на првиот работен ден во месецот
• Плаќање на рати без камата во Зегин со НЛБ - Зегин кобрендираната картичка
• 3% Cash back во Веро маркетите за имателите на ПЕНЗИОНЕР+ картичката
• Осигурителни поволности за пензионери во соработка со Сава осигурување АД Скопје
NLB Banka
www.nlb.mk
Контакт центар: 02 / 15-600

Интервју со Нијази Џелили, претседател на ЗП Гостивар

# Масовност и разновидност во активностите



**● Претседателе Џелили, најнапред кажете ни кои се главните и конкретни ангажирања на здружението на пензионери од Гостивар?**

– Здружението секоја година носи програма која се базира на барањата кои се од интерес за пензионерите. Според неа учествуваме на сите манифестации што ги организира СЗПМ, како и на оние кои ги организираат здруженијата со кои оствaруваме соработка. Кога ова го истакнувам мислам на собирите со пензионери што се одржуваат во повеќе историски места и градови во земјата, но и сами сме организатори на повеќе екскурзии. Организираме и традиционална пензионерска вечер со масовна посета на повеќе од 400 пензионери. На овие вечери имаме повеќе национална програма. Исто така учествуваме на сите регионални и републички манифестации од областа на спортот, како и на ревиите на песни, музика и игри, каде забележуваме видни резултати и добиваме силни аплаузи.

**● За луѓето од третото доба обично се вели дека се со кревко здравје. Што правите за ублажување на овие состојби?**

– Имаме договори со сите бањи во Македонија за претстој на пензионери членови на нашето здружение по намалени цени. Нашите членови ги стимулираме и со по 300 денари дневно за претстој на бања, а со ваков износ партиципираме само за оние со ниски примања во семејствата. Најмалку 50 пензионери годишно ја користат оваа помош. Исто така, на околу 30 пензионери со ниски примања им доделуваме еднократна парична помош, особено кога е во прашање лекувањe.

**● Од она што го кажувате, се забележува дека во вашето здружение применувате главно масовни форми на поддршка на пензионерите. Како успеавте во тоа?**

– Нашето здружение функционира на подрачје на три општини: Госитвар, Маврово – Ростуше и Врапчиште. Во нив функционираат 23 ограноци со вкупно 6.600 членови. Оствaруваме тесни врски со ограноците и нивните 33 делегати во собранието. Добро функционира и Извршниот одбор кој брои 11 членови и Надзорниот одбор со 5 членови. Активни се и петте постојани комиси. Остваруваме вистинска координација со сите што условува добри резултати во работата.

**● Повеќе од 10 години во судска постапка ја барате вистината за сопственоста на таканаречениот „стар пензионерски дом“ во Гостивар. Може ли во најкуси црти да ни кажете како дојде до тоа да ја изгубите сопственоста?**

– Една мала предисторија. Во 1970 година, кога завршува градбата, домот е даден на трајно користење на здружението на пензионерите од Гостивар. Во него биле сместени 21 семејство пензионери, а приземните простории биле за потребите на здружението. Во 1994 година надлежни органи во државата овие домови ги пренесуваат на Фондот за ПИОМ. Во посебни судски постапки повеќето успеаја да ги вратат. Во Гостивар тоа не се случи. Изминуваат над 10 години, а ние и натаму остануваме во судовите да ја докажуваме вистината и да ја бараме правдата.

**● До каде е работата?**

– Ние поседуваме имотен лист за сопственост на име на здружението од 15 јуни 2012 година. Затоа остануваме упорни да се изборимe за правдата, со која ќе се потврдат нашите уверувања и докази. Се надеваме на позитивен исход.

**● Вие сте претседател на едно од поактивните здруженија. Што ќе кажете за вашето лично ангажирање?**

– Во личноста на претседателот на здружението се и претседател на Собранието и на Извршниот одбор. Јас на оваа должност се наоѓам од 30 август 2008 година. Се ангажирам за целосна реализација на програмските определби, за функционирање на органите и телата, за соработка со повеќе здруженија во земјата, со СЗПП, а во Подградец Албанија, сум прогласен за почесен член. И Здружението и јас лично имаме добиено повеќе благодарници и признанија, што го потврдува нашето, но и моето лично успешно ангажирање. Максимално сум и посветен на работата и јас и мојот тим. Така ќе продолжиме и понатаму. **Г. Ефтоски**

ЗП Штип

# Регулирање на статусот на Активот на пензионерки

На 13–ти јули 2017 година во просториите на ЗП Штип, се одржа состанок на претседателките на пензионерки активистки од 11 ограноци поради регулирање на статусот на Активот на пензионерки согласно правните норми на Статутот. Претседателот на ЗП Штип **Александар Захариев** во воведното излагање го нагласи досегашното работење на Активот, кое не беше регулирано со ниту еден документ, во кој се наведува постоењето, задачите и изборот на претседател. Потоа ја истакна потребата од негувањето доверба, колегијалност и пријателство меѓу пензионерите.



Претседателот на Комисијата за култура **Ѓорги Боризов**, го нагласи правното регулирање на Женскиот актив, сега како секција во рамките на оваа комисија, кое се уредува со дополнетиот Статут што ја опфаќа и оваа област на женското дејствување и побара да се предложат членки за избор на претседателка, потоа отвори расправа.

**Коста Штериев,** заменик претседател на ИО, ја истакна потребата од одржување состаноци во УЗ, од каде ќе се делегираат членки–активистки за претседателка која е претставник на голем број жени во Здружението.

**Стојка Ордева**, претставничка на огранокот во УЗ Баби, нагласи дека ова е добар потег за официјализирање на статусот на Активот, а побара да се продолжи со кулинарските вештини на жените и ја нагласи потребата за помош на болни и стари лица, како и практикување на други активности и вештини што ги поседуваат пензионерките.

По ова прашање имаше разни размислувања и предлози, меѓутоа беше заклучено дека регулирањето на статусот на Активот на пензионерки во ЗП Штип ќе се изврши според одредбите на Статутот на здружението.

**Цвета Спасикова**

ЗП Охрид и Дебрца

# Живот исполнет со спорт и фолклор

Ристо Трајкоски е активист – волонтер во ЗП Охрид и Дебрца од 2010 година, кога е избран за претседател на комисијата за спортски активности, и заедно со други истакнати стручни лица, спортски работници – Миле Христоски, Ѓорѓи Јанкоски, Владо Милошески, Беједин Доко и Иван Дојчиноски, целосно се вложуваат себе си работите на спортски план да се одвиваат во посакуваната насока, што е и на некој начин континуитет во здружението. Во залагањата на раководството и на секој поединец е тајната на успехот на спортистите од ЗП Охрид и Дебрца кои ги краси непобедливоста од 2011 до 2016 година. Главниот мотив на спортистите пензионери не е постигнувањето на врвни спортски резултати, туку да дадат пример на помладите генерации дека без разлика на годините и возраста секогаш треба да се спортува.



Претседателот на комисијата за спортски активности Трајкоски е поранешен спортист – фудбалер, професор по физичка култура, атлетски тренер, инструктор за спортска рекреација. Покрај од дисциплините ракомет, пливање, кошарка, атлетика, фудбал и ватерполо, дел е и од организирањето на голем број спортски манифестации од општински, регионален, државен, европски и светски ранг.

Од 2015 година е член и на Републичката комисија за спорт при СЗПМ, каде со своите стручни познавања се ангажира за усовршување на Правилникот за спортските игри, а учествува и во организацијата и реализацијата на Републичките спортски натпревари. За спортските постигнувања, како и другите општествени ангажмани, е добитник на поголем број награди и признанија: Плакета за животно дело во атлетскиот спорт, Плакета за посебен придонес за Охридскиот маратон, Плакета за 70 години СЗПМ, Признание за најуспешен тренер, во два наврати, за истакнат спортски работник, најангажиран ветеран во спортот, Седмоноемвриска награда – највисока општинска награда за спорт и други.

– Најзаслужни за спортските успеси, се спортистите пензионери кои фанатично се борат со спортски жар за секој освоен бод, погодок, секунда и сантиметар, со што придонесуваат за освоените први места и победите во севкупен пласман. Исто така многу значајна е и целосната поддршка од органите и телата на ЗП Охрид и Дебрца, како и големиот придонес на тренерите, одговорните лица по дисциплините, судиите и организаторите, – истакнува Трајкоски.

Покрај со спортската активност, во охридската јавност Ристо Трајкоски е многу познат и како одличен кореограф, фолклорист и игроорец, кој долги години наназад има дадено голем придонес во културното живеење во Охрид.

Првите игроорни почетоци ги има стекнато во основното училиште каде настапува во фолклорната секција, на разни приредби и прослави. За време на студирањето, станува игроорец во професионалниот ансамбл „Шота“ во Приштина, каде што во тоа време се исполнувале игри и песни од сите краеви на тогашната Југославија. Тој е еден од основачите на фолклорниот ансамбл „Гердан“ од Охрид, од 1968 до 1984 година, како прв игроорец, кореограф и раководител на фолклорната секција.

По пензионирањето со своето искуство се ангажира не само во организацијата на спортските активности во ЗП Охрид и Дебрца, туку истовремено се активира и во постојната пејачка група „Распеани охриѓани“, кои исполнуваат староградски охридски песни. Со доаѓањето во 2012 година, веднаш се ангажира за збогатување на програмата и поставување повеќе охридски староградски постановки: „Билјана платно белеше“, „На Сараишќе“, „Охридска визита“, „На сретсело“ и други, сите со исклучително изворна содржина од охридскиот крај. Во 2015 година, дотогашната пејачка група прераснува во КУД „Далги“, кое денес претставува сериозен презентер на изворниот охридски фолклор. На Меѓународниот фолклорен фестивал „Илинденски денови“ во Битола, во 2016 година, во конкуренција на осум групи, КУД „Далги“ го освои првото место.

– Сите овие активности на спортски и културен план ЗП Охрид и Дебрца не би ги постигнале без големата и сестрана подршка на раководството на здружението а особено на претседателот на ИО, Ѓорѓи Трпчески, – вели Трајкоски.

Така е до сега, но Трајкоски вели дека така ќе биде и во иднина, исполнувајќи го аманетот од своите предци кон помладите генерации, при тоа збогатувајќи го пензионерскиот живот со спорт, песна и игра како мелем за душата. **К. С. Андонова**

Илија Петровски, пензионер од Тетово

# По единаесетти пат меѓу децата



Пензионерот од Тетово Илија Петровски сигурно спаѓа меѓу ретките, ако не и единствен пример, целото поетско творештво да го посвети на најмладите – на децата. Официјално, својата прва збирка песни, насловена како „Децата сонуваат убавина“ (2006 година) ја издава заедно со пензионирањето. Оттогаш, своето раскошно поетско творештво го крунисува со по една збирка песни годишно. Последната, „Во светот на децата“, пред читателите се појави деновиве и претставува единаесетта по ред. Во неа се содржани 45 песни сврстени во четири поднаслови. Едниот од нив, наслов како „Го нема веќе цветот“, содржи осум песни, посветен е на македонската музичка икона Тоше Проески. Оваа збирка на крајот содржи и 36 гатанки, како ретка композиција во поетска збирка, сите како содржини соодветни на возраста на читателите – децата, со намера да предизвика не само интерес, туку и мо̀ќ за размислувањето.

Во творечката биографија на Илија Петровски забележуваме дека поезија почнал да пишува од помлада негова возраст. „Од мал со мене судбината се поигра да останам без двајцата родители. Израснав и се формирав во детски домови. Сигурно, тоа е една од причините да творам за деца, што претставува продолжение на моето скратено детство“, вели Петровски.

Нотираме уште неколку моменти сврзани за негова детска поезија. Објавувал песни во списанијата „Другарче“ и „Колибри“. Негови песни биле презентирани во детски емисии на Македонското радио и ТВ емисијата „Семејна палета„ на МТВ, каде има добиено прва и трета награда. Неговата песна „Порака“ во 1990 година, ја има откупено манифестацијата „Гоцеви денови“.

Илија Петровкси продолжува да твори. Вели дека се додека му дозволува здравјето и моќта, не ги остава „мирни“ децата, иако самиот е на возраст од 78 години. **Гојко Ефтоски**

ЗП Крива Паланка

# Нови содржини во работата

Активот на пензионерки при ЗП Крива Паланка неодамна организираше средба со изготвувачите на книгата „Готвач“ со традиционални рецепти за јадења карактеристични за општините Куманово, Липково, Нагоричане, Крива Паланка и Кратово. На средбата присуствуваа повеќе пензионерки, а претставниците на проектот Надица Чесмаџиска и Петар Лазаров, ги претстави етнологот **Наталија Милковска** од локалната установа Градски музеј од Крива Паланка.

Гостите и присутните на средбата ги поздрави претседателката на Активот, **Анка Стојановска,** а потоа се обрати **Надица Чесмаџиска**, која ја објасни целта на проектот – да се соберат на едно место и да се сочуваат од заборав рецепти за традиционални солени и слатки јадења карактеристични за ова поднебје. Таа рече дека изработката на „Готвач“ е проект со невладиниот Центар за регионален развој од Куманово и UNDP.

Двочасовниот разговор и дружење на пензионерките оставија пријатен впечаток и желба вакви и нови содржини Активот на пензионерки да има повеќе. **Б. Стојчевска**

**ПЕНЗИОНЕР плус**

**Весник за сегашните и за идните пензионери**

**Издавач:**
СЗПМ

Година X – број 108–109
август 2017 год.

**БЕСПЛАТЕН МЕСЕЧЕН ВЕСНИК**

**Издавачки совет:**

**Драги Аргировски** (претседател)
Бесник Поцеста
Салтир Каровски
Станка Трајкова
Гидо Бојчевски
Лена Семенакова
Павле Спасов
Д–р Веле Алексоски
Груица Манасиев
**E-mail: argirovski@szpm.org.mk**

**Редакциски одбор:**

**Калина Сливовска - Андонова**
главен и одговорен уредник;
**Мендо Димовски**,
заменик главен
и одговорен уредник;

**Членови:**
Цветанка Илиева
Баки Бакиу,
Спирко Николовски,
Вадије Зенделји
Димитар Чавдаров

**Лектор:**
Верица Тоциновска

**Адреса:**

СЗПМ Бул. „Кочо Рацин“
бр. 14 – Скопје
П.фах. 440

Телефон: 02 3223 710
тел–факс: 02 3128 390

Web: **www.szpm.org.mk**
E-mail: **vesnik@szpm.org.mk**

**Компјутерска обработка:**
Томе Ангеловски

**Печати:**
Печатница Серафимовски – Скопје

**Дистрибуција:** „Нова Македонија“

Ракописите и фотографиите не се враќаат.

Според Законот, за весникот се плаќа данок според посебна намалена даночна стапка.

## XXII РЕГИОНАЛНИ ПЕНЗИОНЕРСКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

# Од година на година сè поквалитетни и помасовни

Оваа 2017 година 22–те регионални пензионерски спортски натпревари беа поквалитетни и помасовни од претходните. Се натпреваруваа рекорден број од 2.087 натпреварувачи во машка и женска конкуренција од 52 здруженија членки на СЗПМ, од кои 1 302 во машка и 785 во женска конкуренција. На регионалните натпревари покрај спортистите присуствуваа уште 500 пензионери и пензионерки или по сите основи присуствуваа 2 511 пензионери. Ако се има предвид фактот дека на регионалните натпревари им претходат подолготрајни подготовки по ограноци и здруженија во кои се вклучени голем број пензионери кои подоцна по пат на селекција во меѓусебни натпреварувања за внатре во рамките на здруженијата да настапат најдобрите, оценка е на Комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ дека на подготовките учество земаат или се раздвижени на спортски план прилично голем број пензионери чија активност придонесува во голема мера за нивното физичко и психичко одржување. Овој податок во целост го оправдува скромното финансиско зафаќање на дел од средствата на здруженијата и СЗПМ кои оваа година со одлука на Извршниот одбор домаќините – здруженијата на регионите финансиски ги помогна наместо со 30 како досега, со 40 илјади денари.

Бројот во споредба со претходната година е зголемен за 77 натпреварувачи. Имајќи ја предвид можноста за учество на максимален број од 3 276 натпреварувачи, простор за активност има уште доста, особено во побројните здруженија. За истакнување е фактот што по подолг период на отсуство, Здружението на пензионерите од Лабуништа оваа година повторно учествуваше со свои претставници.

Иако оваа година бројот на здруженијата кои настапија на регионалните спортски натпревари е идентичен со претходната година, истите се помасовни. И оваа година учесниците се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини во 23 категории предвидени со Правилникот за спортски игри на СЗПМ. Само мал број (7) здруженија учествуваа со над 63 натпреварувачи. И овој пат се манифестира појавата во третиот, четвртиот и шестиот регион, здруженијата на пензионерите од Охрид, Прилеп и Куманово поради немање доволна конкуренција на регионално ниво, директно да се пласираат на Републичките натпревари.

На Републичките натпревари оваа 2017 година, ќе настапат вкупно 500 натпреварувачи од кои 264 во машка и 236 во женска конкуренција. Анализирајќи ги активностите што им претходат на регионалните натпревари како и нивните содржини може да се каже дека тие во сите нивоа од година на година добиваат на квалитет особено таму каде што на истите им претходат пошироки и посеопфатни подготовки. Пропустите беа решавани во од и со сигурност може да се каже дека натпреварите протекоа и завршија успешно.

Заслужува да се потенцира проблемот со изборот на квалитетни судии од страна на одговорните по здруженијата. Треба да се внимава и да бидат делегирани стручни лица кои ги познаваат добро дисциплините и правилникот за да не се доведува во прашање трудот вложен во подготовките на секој спортист пензионер или на една цела група.

Посебно треба да се даде акцент на фактот што на сите регионални натпревари беа присутни претставници на локалната самоуправа, а на натпреварите иако учествуваат натпреварувачи во поодминати години, беа постигнати забележителни резултати на кои можат да им позавидат и помлади спортисти.

На крајот за истакнување е и фактот што од 52–те здруженија кои зедоа учество на регионалните натпревари, право на настап на Републичките натпревари обезбедија 40 здруженија членки на СЗПМ.

Ова е доказ дека пензионерите знаат дека само во здраво тело има и здрав дух, најбитно од се им е да се дружат и да се рекреираат и да победи заедништвото.

**Претседател на**
**Комисијата за спорт и рекреација на СЗПМ**
**Здравко Петковски**

Ресен, трет регион

# Прилепчани пак најдобри

На 27 јуни 2017 година во Ресен се одржаа 22 регионални спортски игри на здруженијата на пензионери од третиот регион. Натпреварувачите од ЗП Битола, Крушево, Демир Хисар, Прилеп и Ресен, ги поздрави претседателката на ЗП Ресен **Костадина Барандовска.**



– Топлото време не е ништо наспроти нашето топло добредојде на нашите гости пензионери спортисти. Од се срце се радувам што ве гледам во толкав број, сите со желба да се натпреварувате на спортски план. Сепак како една од највозрасните членови на пензионери, мислам дека дружењето е незаменливо, иако тоа се случува само за еден ден, – истакна Барандовска.

На пензионерите спортисти им се обрати и градоначалникот на општина Ресен, **Ѓоко Стрезовски**, кој во краткиот говор за добредојде, повика на спортски дух и дружба на пензионерите од градовите од кои беа дојдени.



Од името на СЗПМ, натпреварувачите ги поздрави и игрите ги отвори претседателот на Собранието на СЗПМ **Бесник Поцеста** кој притоа рече:

– Со овие натпревари се продолжува една убава традиција на спортско дружење на пензионерите. Им посакувам успех на сите натпреварувачи во своите дисциплини, а нека победат подобрите и посреќните, – истакна Поцеста.

Екипите се натпреваруваа во 11 спортски дисциплини, а истите ги надгледуваше и Здравко Петковски, претседател на Комисијата за спорт при СЗПМ.

Најдобри резултати постигнаа пензионерите од ЗП Прилеп со 14 освоени први места, втори беа учесниците од ЗП Крушево и трети пензионерите од ЗП Битола.

Ова беа последните регионални игри пред републичките натпреварувања на 2. септември 2017 година во Кочани.

**Добре Тодоровски**

## ПРЕГЛЕД НА ПЛАСМАН ПО ДИСЦИПЛИНИ

| МАЖИ | ЖЕНИ | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|---|
| **СТРЕЛАШТВО** | | **ТРЧАЊЕ НАД 60 ГОДИНИ** | |
| 1. Гази Баба | 1. Центар | 1. К.Вода | 1. Гази Баба |
| 2. ОВР | 2. Тетово | 2. Тетово | 2. Ѓорче Петров |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп | 3. Ресен | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4.Охрид и Дебрца | 4.Охрид и Дебрца | 4.Охрид и Дебрца |
| 5. Велес | 5. Кавадарци | 5. Кавадарци | 5. Велес |
| 6. Куманово | 6. Куманово | 6. Куманово | 6. Куманово |
| 7. Штип | 7. Штип | 7. Штип | 7. Штип |
| 8. Кочани | 8. Кочани | 8. М. Каменица | 8. Кочани |
| **ШАХ** | | **ДОМИНО** | |
| 1. Бутел | 1. Гази Баба | 1. Бутел | 1. Илинден |
| 2. Тетово | 2. Карпош | 2. Тетово | 2. Тафталиџе |
| 3. Битола | 3. Прилеп | 3. Битола | 3. Крушево |
| 4. Струга | 4. Струга | 4. Струга | 4. Струга |
| 5. Кавадарци | 5. Велес | 5. Д. Капија | 5. Велес |
| 6. Куманово | 6. Куманово | 6. Кратово | 6. Кратово |
| 7. Штип | 7. Штип | 7. Штип | 7. Радовиш и Конче |
| 8. Кочани | 8. М. Каменица | 8. Пехчево | 8. Виница |
| **ПИКАДО** | | **ТАБЛА** | |
| 1. Илинден | 1. Центар | 1. К.Вода | 1. Чаир |
| 2. ОВР | 2. ОВР | 2. ОВР | 2. Ѓ. Петров |
| 3. Крушево | 3. Крушево | 3. Прилеп | 3. Битола |
| 4. Струга | 4. Струга | 4. Кичево | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Кавадарци | 5. Велес | 5. Кавадарци | 5. Велес |
| 6. Кратово | 6. Кратово | 6. Пробиштип | 6. Куманово |
| 7.Радовиш и Конче | 7. Струмица | 7. Струмица | 7. Св. Николе |
| 8. Пехчево | 8. Делчево | 8. Делчево | 8. Делчево |
| **ТЕГНЕЊЕ ЈАЖЕ** | | **СКОК ОД МЕСТО** | |
| 1. Гази Баба | 1. Илинден | 1. Чаир | |
| 2. Тетово | 2. Тетово | 2. Тетово | |
| 3. Прилеп | 3. Прилеп | 3. Прилеп | |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | |
| 5. Неготино | 5. Кавадарци | 5. Кавадарци | |
| 6. Пробиштип | 6. Пробиштип | 6. Куманово | |
| 7.Радовиш и Конче | 7. Штип | 7. Радовиш и Конче | |
| 8. Кочани | 8. Виница | 8. Кочани | |
| **ФРЛАЊЕ ЃУЛЕ** | | **ШУТИРАЊЕ ПЕНАЛИ** | |
| 1.Сол. Аеродром | Сол. Аеродром | 1. Гази Баба | 1. Илинден |
| 2. Тетово | 2. Тетово | 2. Тафталиџе | 2. Гостивар |
| 3. Прилеп | 3. Битола | 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Неготино | 5. Кавадарци | 5. Велес | 5. Д.Капија |
| 6. Куманово | 6. Куманово | 6. Пробиштип | 6. Куманово |
| 7.Радовиш и Конче | 7. Ново Село | 7. Лозово | 7. Струмица |
| 8. Кочани | 8. Виница | 8. Виница | 8. Делчево |
| **ТРЧАЊЕ ДО 60 ГОДИНИ** | | **СЛОБОДНИ ФРЛАЊА НА КОШ** | |
| 1. К.Вода | 1.Кисела Вода | 1. Бутел | 1. Сол. Аеродром |
| 2. Тетово | 2. Тетово | 2. ОВР | 2. Тетово |
| 3. Битола | 3. Прилеп | 3. Прилеп | 3. Прилеп |
| 4. Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца | 4.Охрид и Дебрца | 4. Охрид и Дебрца |
| 5. Велес | 5. Велес | 5. Гевгелија | 5. Неготино |
| 6. Куманово | 6. Кратово | 6. Кр.Паланка | 6. Кр. Паланка |
| 7. Штип | 7. Радовиш и Конче | 7. Штип | 7. Штип |
| 8. Кочани | 8. М. Каменица | 8. Кочани | 8. Виница |

## КОШАРКА - СЛОБОДНИ ФРЛАЊА НА КОШ

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Бутел**<br>1. Станко Ѓерѓиевски<br>2. Ацо Костовски<br>3. Борче Стојановски<br>4. Павле Маневски | **Солидарност Аеродром**<br>1. Ружица Мартиновска<br>2. Драгиица Лилипин<br>3. Ружа Боцевска<br>4. Ленче Илчева |
| II | **ОВР**<br>1. Трајко Ангелов<br>2. Саше Јосифовски<br>3. Љубе Вртевски<br>4. Петар Димовски | **Тетово**<br>1. Вера Соколовска<br>2. Агнеса Дојчиновска<br>3 .Борка Наумовска<br>4. Љуба Матовска |
| III | **Прилеп**<br>1. Борис Мицески<br>2. Трајко Насески<br>3. Мирослав Кузманоски<br>4. Алекса Димитриоски | **Прилеп**<br>1. Зорица Абрашеска<br>2. Цветанка Мишеска<br>3. Слободанка Зојческа<br>4. Цвета Вучкоска |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Марјан Манев<br>2. Миливој Ангелески<br>3. Миралем Билаловиќ<br>4. Миодраг Христоски | **Охрид и Дебрца**<br>1. Слободанка Момироска<br>2. Стојна Патчева<br>3. Нада Спироска<br>4. Љубица Танеска |
| V | **Гевгелија**<br>1. Горан Горгиев<br>2. Панче Аџиев<br>3. Мите Ташев<br>4. Борче Алексов | **Гевгелија**<br>1. Јана Узунова<br>2. Тодорка Несторова<br>3. Павлина Пешева<br>4. Ѓурѓа Маниќ |
| VI | **Пробиштип**<br>1. Данчо Пановски<br>2. Гоце Димитров<br>3. Ацо Стоилковски<br>4. Димче Ѓорѓиев | **Крива Паланка**<br>1. Анка Стојановска<br>2. Верче Богдановска<br>3. Шана Ѓеоргиевска<br>4. Рушка Митовска |
| VII | **Штип**<br>1. Никола Андонов<br>2. Ангел Иванов<br>3. Киро Папаров<br>4. Стојан Костов | **Штип**<br>1. Блашка Богатинова<br>2. Загорка Тодоровска<br>3. Стојна Стојковска<br>4. Цвета Василева |
| VIII | **Кочани**<br>1. Ѓорѓи Тодоров<br>2. Јанко Данилов<br>3. Ѓорѓи Михајлов<br>4. Димитар Заков | **Виница**<br>1. Ружа Стоилова<br>2. Аника Ѓеорѓиева<br>3. Добрина Илиева<br>4. Мирса Иванова |

## ФУДБАЛ - ПЕНАЛИ НА МАЛИ ГОЛЧИЊА

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Гази Баба**<br>1. Владо Стојановски<br>2. Митко Карчев<br>3. Милован Јакимовски<br>4. Душко Тасевски | **Солидарни Илинден**<br>1. Јорданка Смилевска<br>2. Зора Тодоровска<br>3. Роза Остреска<br>4. Вера Трифуновска |
| II | **Тафталиџе**<br>1. Илија Димовски<br>2. Ѓоре Ѓеорѓиевски<br>3. Цветан Николовски<br>4. Благоја Петковски | **Гостивар**<br>1. Слободанка Андреевска<br>2. Вадие Зендели<br>3. Василка Трпкова<br>4. Марика Главинова |
| III | **Прилеп**<br>1. Благоја Ангелески<br>2. Ѓоре Рунтески<br>3. Васко Здравески<br>4. Цане Наумоски | **Прилеп**<br>1. Ружица Филипоска<br>2. Христина Димкароска<br>3. Марија Проданоска<br>4. Блага Белокоска |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Цане Божиноски<br>2. Благоја Тодороски<br>3. Ѓорѓи Јанески<br>4. Цветко Јолески | **Охрид и Дебрца**<br>1. Маре Караѓуле<br>2. Зорица Димитроска<br>3. Павлина Србиноска<br>4. Олга Пулиновска |
| V | **Велес**<br>1. Ѓоре Јовановски<br>2. Владо Зрцинов<br>3. Ванчо Петков<br>4. Ристо Кочованов | **Демир Капија**<br>1. Нада Пецова<br>2. Душка Лазова<br>3. Гордана Митрева<br>4. Снежа Пакарска |
| VI | **Пробиштип**<br>1. Властимир Милановски<br>2. Стефан Стојанов<br>3. Владо Анастасов<br>4. Слободан Манев | **Куманово**<br>1. Миленка Крстевска<br>2. Маргарита Божиновска<br>3. Љубинка Денковска<br>4. Славица Миленковска |
| VII | **Лозово**<br>1. Стојче Митков<br>2. Благе Горгиев<br>3. Борис Тасев<br>4. Војо Спасевски | **Струмица**<br>1. Душка Хаџиева<br>2. Лилјана Танева<br>3. Павлина Иванова<br>4. Марија Темелкова |
| VIII | **Виница**<br>1. Тодор Атанасов<br>2. Драган Соколов<br>3. Благој Витановски<br>4. Љупчо Герасимов | |

## СТРЕЛАЊЕ СО ВОЗДУШНА ПУШКА

| РЕГИОН | МАЖИ | ЖЕНИ |
|---|---|---|
| I | **Гази Баба**<br>1. Драги Стефановски<br>2. Методија Кондовски<br>3. Ристо Гашпаров<br>4. Јово Митревски | **Центар**<br>1. Марија Јанева<br>2. Ангелина Темелковска<br>3. Јорданка Томанова<br>4. Трајанка Стоилкова |
| II | **ОВР**<br>1. Дине Китанов<br>2. Драги Левков<br>3. Живко Петревски<br>4. Василие Никлевски | **Тетово**<br>1. Борка Трајковска<br>2. Снежана Кировска<br>3. Вера Шаини<br>4. Трајанка Петровска |
| III | **Прилеп**<br>1. Кире Каранфилов<br>2. Ристо Камчевски<br>3. Петар Николоски<br>4. Петар Талески | **Прилеп**<br>1.Трендафилка Грнчаровска<br>2. Вера Димитриоска<br>3. Менка Ангелеска<br>4. Данче Кочоска |
| IV | **Охрид и Дебрца**<br>1. Томе Ристески<br>2. Богоја Маркоски<br>3. Тони Филипов<br>4. Владо Милошески | **Охрид и Дебрца**<br>1. Снежана Милошеска<br>2. Благуна Милошеска<br>3. Бојкица Димоска<br>4. Снежана Илиеска |
Процесот на стареење е комплексен и зависи од повеќе фактори. Тука се вклучува и генетскиот, а освен примарниот фактор на стареење, постои и секундарен фактор кој пак е во директен соодност со стекнатите заболувања. Преку регуларната физичка активност, ефектот на секундарното стареење значително се намалува, но тоа не значи дека нема потреба од превенција на болестите. Регуларната физичка активност помага и во зголемување на можностите и очекувањата од животот во третата доба бидејќи го подобрува функционалниот капацитет од претходна неактивност, намалувајќи го секундарниот ефект на стареењето. Неактивноста во овој период од животот го зголемува ризикот од физички повреди, но и прогресивниот развој на одредени болести. Постојат голем број докази дека со редовно вежбање и одредена физичка активност можна е контрола на одредени физички попречувања и инвалидитети кои го отежнуваат или спречуваат нормалното движење. Но, вежбите треба да се изведуваат правилно и редовно, со цел да се евидентира поволниот ефект од нив. Од вежбањето кај постари лица, се добиваат три битни ефекти: Спречување на развој на хронични заболувања; Унапредување на функционалниот капацитет на кардиореспираторниот систем; Превенција на функционални попречувања и инвалидност, и друго.

Вежбите кои би требало да се вклучат кај постарата популација се следните: аеробик, вежби со отпор на мускулите, вежби за флексибилност на зглобовите, мускулите и телото.

**Придобивките од аеробик-вежбите вклучуваат:** поголема мускулна маса, подобар изглед на телото заради редукција на тоталното масно ткиво, особено на масното ткиво во абдоминалната регија, повисока содржина на минерали во коскената маса, баланс на инсулинот во крвта, пониски вредности на холестеролот во крвта, зајакнување на срцевата работа и подобрување на дишењето, забавување на процесот на стареење и друго.

**Вежбите при кои се користи отпорот на мускулите доведуваат до:** редукција на мускулната слабост, зголемување на мускулната снага и функционалност, моќност, забавување на губитокот на мускулната маса во процесот на стареење, одржување на телесната тежина на одредено, оптимално ниво и друго.

Постојат докази дека преку **физичката активност и вежбањето кај постарите лица се воспоставува и подобра психичка рамнотежа**. Се подобрува концептот за себе, се зголемува самодовербата и се намалува можноста за појава на депресија и анксиозност. Несомнено дека физичката активност го подобрува квалитетот на живеење и доведува до поголема виталност во одредени аспекти на животот во третата доба.

Колку да се вежба? Ако имате над 65 години, нормална телесна тежина, немате одредени хронични заболувања, би можеле да имате аеробични вежби со умерен интензитет еднаш до два пати по 30 мин. во текот на денот. Вежбите за зајакнување на мускулите доволно е да се изведуваат два пати неделно најмалку по 10 минути, може и со прекини. Брзото, енергично одење има сличен ефект како аеробик вежбите, особено во делот на срцевата активност и дишењето. Секако дека ваквото одење или вежбање треба да биде приспособено соодветно на возраста и здравствената состојба. Вообичаено, приспособувањето започнува со побавен од, полека, со постапно зголемување на брзината на одот.

Оние кои имаат физичка попреченост и не се во добра физичка кондиција, нужно е внимателно приспособување на вежбите и вежбањето, соодветно на здравствената состојба и можностите кои произлегуваат од неа. На пример: особи кои имаат болки во колената не смеат да користат вежби со тежинско оптоварување. Постарата генерација има зголемен ризик од дехидратација за време на изведувањето на вежбите затоа од витално значење е да се зема доволно течност. Исто така, битно е да се спомене: пред да почнете со вежбањето, консултирајте се со вашиот лекар. И на крајот како заклучок: вежбањето и физичката активност носат бенефити затоа не ги избегнувајте!

д-р Костадинка - Дина Бојкова

# Како да се намали ризикот од Алцхајмерова болест

Постојат многу фактори на ризик кога е во прашање Алцхајмеровата болест, а многу од нив и не се разјаснети во целост. Многумина од луѓето се плашат од можноста да заболат од оваа болест, но утешно е тоа дека се идентификувани околу 20 фактори на ризик кои можеме да ги спречиме или да ги пренасочиме и со тоа да го намалиме ризикот од заболување. Д-р Ѓин – Таи Ју и неговите колеги од Одделот за неврологија на Калифорнискиот универзитет направиле анализа од 323 научни трудови кои се занимаваат со откривање на факторите на ризик и/или проучување на можноста од немање такви фактори и ги издвоиле најкарактеристичните. Идентификувани се 9 фактори кои придонесуваат во околу 66 отсто случаи на Алцајмеровата болест ширум светот. Бидејќи овие истражувања се опсервациони не може со сигурност да се каже дека менталното здравје е загарантирано ако ги смениме своите навики, но сепак вреди да се проба додека чекаме науката да напредува и да се изврšат нови истражувања. Неспорно е дека здравите промени во навиките ќе ни користат, а во секој случај нема да ни штетат. Здрава исхрана сама по себе веројатно нема да го намали ризикот од опаѓање на когнитивните способности во поодминати години, но со комбинирање на повеќе животни избори кои се здрави за мозок, може да се помогне. Еве некои фактори на ризик за настанување на Алцхајмер, што може да направиме и како да останеме што подолго здрави:

**ЗГОЛЕМЕНА ТЕЛЕСНА ТЕЖИНА ОСОБЕНО ВО СРЕДНИТЕ ГОДИНИ** – Кога е во прашање заштитата на помнењето, дебелината може да биде показател дека исхраната во голема мера се состои од шеќери и преработена храна, а не од продукти кои му годат на здравјето на мозокот како што е случај со оние состојки во медитеранската исхрана. Здравата исхрана може да го намали ризикот од развивање на Алцхајмеровата болест до 50%. Утврдено е дека луѓето кои почнале да се занимаваат со физички активности можат да доживеат подобрување на помнењето дури и во 70–те години на животот. Доведете го своето тело до здрава телесна тежина и потрудете се да ја задржите. Тоа е едноставен заклучок, но често не е така лесно да се спроведе.

**ПОТХРАНЕТОСТ** - Сепак не е добро ни да се биде потхранет, иако научниците сè уште не откриле поради што тоа негативно влијае на здравјето на мозокот. Можеби Алцхајмеровата болест и кревкоста потекнуваат од заедничка причина? Ако е во прашање потхранетост затоа што некој заборава да јаде или не може да води сметка за себе, деменцијата можеби радикално напредувала, но слабеењето може да биде знак и на други фактори.

**БОЛЕСТ НА КАРОТИДНИТЕ АРТЕРИИ** - Кога ќе се наталожат наслаги внатре во каротидните артерии кои одат долж нашиот врат, крвта потешко доаѓа до мозокот и тоа може да доведе до оштетување на мозочните ќелии. Во сериозни случаи, можеби мора да се изврши операција како би се отвориле затнатите каротидни артерии. Во други случаи, постојат лекови кои помагаат во чистење на затнувањата. Меѓутоа, многу луѓе можат да ја контролираат болеста на каротидните артерии со помош на класични здрави навики: здрава исхрана, одржување нормално ниво на холестерол и на крвниот притисок, физичка активност и престанување со пушењето.

**ВИСОК КРВЕН ПРИТИСОК** - Како и болеста на каротидните артерии, така и високиот крвен притисок може да ги оштети крвните садови што влијае на доаѓањето на крвта во мозокот. Проверувајте го својот крвен притисок. Стандарден совет е притисокот да се одржува под 140/90. Американските национални институти за здравје моментално проучуваат дали спуштањето на крвниот притисок на уште пониско ниво може позначајно да го поправи здравјето на мозокот.

**ПОСТОЈАНО УЧЕЊЕ** - Мозокот е како мускул. Ако не го употребувате, останувате без него. За разлика од стомачните мускули кои можеме повторно да ги затегнеме, ако почнеме да ги губиме браздите во мозокот, можеби никогаш не ќе можеме да ги вратиме. Учењето создава нови врски во мозокот. Стекнување на ново знаење го приморува мозокот да ги одржува тие врски. Постојат разни начини да се продолжи со активна употреба на мозокот: учење на нов странски јазик, свирење гитара, учење занает.

**ДЕПРЕСИЈА** - Иако многубројни истражувања ја докажале врската помеѓу депресијата и зголемениот ризик од Алцхајмер, не е сосема јасно што се случува во мозокот на депресивната личност и што доведува до зголемување на ризикот. Можно е дека повлекувањето во себе и општествената изолација кои понекогаш се случуваат како резултат на депресија, доведуваат до тоа мозокот на таа личност да не се поттикнува во доволна мера. Што може да се прави? Симптомите треба да се држат под контрола, било со терапија, лекови, промена на начинот на живот или комбинација од сето ова. Целта е депресивната личност да остане општествено и физички активна.

**ВИСОКО НИВО НА ХОМОЦИСТЕИН** - Хомоцистеинот е аминокиселина која се создава при процесот на разградување на протеините. Високо ниво на хомоцистеин обично се наоѓа во организмот на лица кои консумираат големи количини црвено месо. Оваа аминокиселина се поврзува со воспаленија кои можат организмот да го направат подложен на когнитивно опаѓање, затоа неврзано за која било религија, одредете макар еден ден во неделата кога нема да јадете месо.

**ДИЈАБЕТЕС** – Во основа, дијабетесот доведува до промена на крвните садови, што влијае на протечувањето на крвта во организмот и на прокрвавеност на мозокот. Најновите истражувања сугерираат дека можеби Ајцхалмеровата болест настанува како резултат на инсулинска резистенција во мозочните ќелии или таканаречен дијабетес од типот 3 што може да доведе до токсично натрупување на протеини и изумирање на мозочните ќелии. Иако постојаниот надзор може да звучи заморно, избегнување на компликациите како последица на дијабетес е од исклучителна важност.

**ПУШЕЊЕ** - На врвот на листата на сите опасности од пушењето е и опасноста од оштетување на меморијата. Штетата која пушењето ја прави на крвните садови може да доведе до исто она наталожување на наслаги и спречување на доаѓање на крвта во мозокот како и кај луѓето со срцеви заболувања. Што може да се направи? Одговорот е познат!

Т.Г.

# Дрвјата лекуваат

Во народната медицина постои начин на лекување е наречен – дендротерапија. Според Михаил Семјонович Виноградов, експерт за оваа проблематика, дрвјата навистина можат да лекуваат, да го исцелуваат, да го стабилизираат човечкиот организам, да го нахранат со енергија. Најдобри во тоа се дабот, брезата и борот, но и кедарот, багремот, јаворот, јаболкото, сливата. Но, има и такви кои на човекот може да му ја „украдат“ енергијата. Тоа се разните видови тополи, американската вишна и други.



Постојат записи и преданија дека уште во претхристијанската ера девојките оделе кај брезите за да соберат позитивна енергија, за бракот и животот да им бидат среќни. Ранетите војници ги ставале под даб за да им даде сила и побрзо да им заздрават раните. Правилата на комуникација со дрвјата со цел да се добие енергија и исцелувањето се многу природни и едноставни: треба да застанете со лицето наспроти дрвото – давател на енергија, на растојание од 40–60 см, да ги затворите очите и да се опуштите. По опуштањето се прават вежби на дишење, кои помагаат во распоредување на добиената енергија низ целото тело. Комуникацијата со дрвјата не треба да трае долго, не повеќе од неколку минути и тоа е најдобро да се прави во раните вечерни часови, пред спиење. Се поставува прашањето што да прават жителите на големите градови, кои немаат парк или шума во близина? Специјалисти за дендротерапија предлагаат да се користат тенки парчиња кои се исечени од различни видови дрвја или да се користи стол или кревет направени од дрво.

Покрај тоа што има дрвја кои даваат енергија, има и такви кои ја одземаат енергијата. Најсилни во тој поглед се сите видови тополи и врби. Послаби, но исто така познати се и костенот, елката, американската вишна и други. Тие се одлични за лекување на некои психички заболувања бидејќи ја одземаат вишокот енергија и влијаат смирувачки. Дендротераполозите препорачуваат кога човек е тажен, напнат или вознемирен да се допре со целото тело со грбот или со дланките до некое од овие дрвја. Настанува смирување на напнатоста и вознемиреноста. Едноставно – гушнете го дрвото како сакан другар и пријател. Во оваа „прегратка“ не се препорачува да престојувате подолго од 20 минути. За терапијата подобро е да се користи живо дрво, а не некој негов дел, но во случај кога немаме такво во близина може и тенки парчиња, подобри се од горниот, отколку од долниот дел на дрвото. Можеби дендротерапијата нема многу да ви помогне, но, никако и нема да ви одмогне!

Брезата ја опевале многу писатели, а Есенин и посветил повеќе стихови. Во литературата постојат рецепти за лекување со разни делови од брезата: со листовите, кората, пупките, сокот и др., бидејќи таа е многу лековита. Лековита е дури и габата која расте на неа – чагата. Брезата е лековита затоа што е исклучително богата со биолошки активни материи. Во листовите има етерични масла, витамини, каротин, флавоноиди. Младите лисја содржат и протеини, масти и витамини. Чаевите од листот на брезата се одлични против високиот крвен притисок, а ги ублажуваат и болките. Различни билни препарати од бреза ја подобруваат циркулацијата, ги разградуваат тромбовите, ја негуваат косата, па затоа се препорачуваат кај тромбофлебитисите, против воспаление на кожата, пневмонија, бронхитис, болести на жолчното кесе, инфекции на уринарниот тракт и друго. Таа го забрзува заздравувањето на раните, ја регулира работата на црниот дроб. Со чај од лист од бреза се мие косата, за да биде силна, густа и светла. Брезата, исто така, помага за концентрација, ги зајакнува вниманието и телото.

Покрај брезата полза и лековитост имаат и други дрвја:

**Дабот** има одлични лековити својства, пред сè се користи како терапија против стрес. Ја активира циркулацијата и го намалува времето на заздравувањето. Дабот е еден од најдобрите генератори на позитивна енергија. Добро би било во домот да имаме мебел направен од даб, не само затоа што е долготраен и убав, туку и поради тоа што зрачи со позитивна енергија.

**Борот** смирува и ја елиминира менталната напнатост. Подолгиот престој во борова шума помага против кашлање, кивање, бронхитис и слични проблеми.

**Буката** ја зајакнува отпорноста на стрес и ја зголемува концентрацијата, поволно влијае и врз циркулацијата.

**Костенот** ги олеснува ревматските заболувања, ја елиминира несоницата и, според народната мудрост, ги потиснува стравот и напнатоста од различно потекло.

Многу од споменативе дрвја дејствува за зајакнување на телото против алергии, но додека алергијата трае, најдобро помагаат парчиња од дрво, особено во периодот на цветање. Во некои источни земји се продаваат вакви парчиња.

Дрвјата покрај тоа што лечат, тие што се засадени околу нашиот дом се еден вид показател за тоа во каква околина живееме и какво ќе биде нашето здравје, бидејќи тие влијаат на просторот во кој растат. Лошата состојба на дрвјата околу куќата е знак дека со околината нешто не е во ред. Затоа добро е да се садат. Некогаш бил убав обичај, кога ќе се роди дете, да се засади дрво, на пример даб и елка за момче, бреза или липа за девојче. Било интересно да се гледа како заедно растат и се развиваат.

Б.А.

# Лековити својства на дињата

<u>**Го регулира крвниот притисок**</u> - Дињата содржи растителни влакна, калиум, витамин С и колин кои го поддржуваат здравјето на срцето. Консумирањето храна богата со калиум помага во регулирање на нивото на натриум што е битно кај третманот на високиот притисок. Калиумот му помага на организмот во ослободување на вишокот натриум и така го намалува зголемениот крвен притисок. Калиумот е потребен за регулирање на рамнотежата на вода, кисело–базната рамнотежа и невромускуларната функција, а исто така игра важна улога во преносот на електричните импулси до срцето. Внесувањето на калиумот е поврзан и со намалување на ризикот од мозочен удар и губењето на мускулната маса.

<u>**Штити од рак**</u> - Дињата е богат извор на антиоксиданси кои играат заштитна улога во зачувување на здравите клетки на телото од оштетување и воспаленија кои можат да доведат до рак. Многу студии дошле до заклучок дека дињата може да биде корисна во превенција од рак на цревата, простатата, дојките, ендометријата, белите дробови и ракот на панкреасот. Споевите од дињата повеќе пати се покажале како дејствуваат антиканцерогено во текот на истражувањето. Нивното дејствување варирало од намалување на ширењето на ракот и самоуништување на клетките до целосно спречување на циклусот кај клетките на ракот.

<u>**Го штити здравјето на очите**</u> - Дињата содржи нутриенти битни за здравјето на очите – бетакаротин (од кој се ослободува витамин А), витамин С, лутеин и зеаксентин. **Зеаксентинот е** битна состојка која ја апсорбира ретината на окото и е одлична УВ–заштита. Со оглед на тоа дека многубројни студии докажаа како сериозен недостаток на витамините А и С може да доведат до **глауком и макуларни дегенерации**, па дури и до слепило, дињата е одличен избор за спречување или забавување на развојот на овие нарушувања.

<u>**Дејствува противвоспалително**</u> - Колинот е важна состојка во дињата која помага кон подобар сон, учење и подобрување на меморијата. Исто така, битен е и за одржување на трансмисијата на нервните импулси, искористувањето на мастите и намалување на хроничните воспаленија. Редовното консумирање диња помага во намалување на оксидативниот стрес, со што ги намалува воспалителните процеси кои можат да доведат до развој на артритис.

**Забелешка:** Ако употребувате бета-блокатори или имате проблеми со функцијата на бубрезите истражувачите предупредуваат на консумирање дињa во умерени количини.

М. Дамјаноска


УЖИВАЈТЕ ВО ПЕНЗИЈАТА!
првиот работен ден во месецот
• максимален износ до 3 пензии
• бесплатна Маестро дебитна картичка
• можност за отплата на кредит до 73 години
Еуростандард банка на своите клиенти пензионери им овозможува да располагаат со средствата од својата пензија уште во првиот работен ден во месецот.
• Дирекција тел. 02/3249-437 ; 02/3249-454
• Градски Ѕид Скопје тел. 02/3217-224
• Партизански Одреди тел. 02/3221-003
• нас. Аеродром тел. 02/2401-225
• нас. Бутел тел. 02/2600-055
• Карпош 4 тел. 02/3090-209
• Радишани тел. 02/2622-304
• Шутка тел.02/2581-175
• Кисела Вода тел. 02/2720-470
• Струмица тел. 034/343-881
• Битола тел. 047/232-434
• Прилеп тел. 048/400-210
• Кавадарци тел. 043/414-726
• Гостивар тел. 042/211-221
ЕУРОСТАНДАРД Банка
www.eurostandard.com.mk


ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА И ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ
Поаѓање од Македонија
25.08
01.09
08.09
HAK BUS
Поаѓање од Албанија
25.08
01.09
08.09
15.09
ПОНУДА ЗА ПЕНЗИОНЕРИ
НА ПРЕКРАСНИОТ БРЕГ НА ЈАДРАНСКО МОРЕ НУДИМЕ ПАКЕТ АРАНЖМАН СО 7 НОЌЕВАЊА И 8 ДЕНА СО ПО ТРИ ОБРОЦИ И УДОБЕН ПРЕВОЗ СО НАШИ АВТОБУСИ ОД МЕСТОТО НА ПОАЃАЊЕ ДО ГРАДОТ ДРАЧ - РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА
Објектот е со три ***, убава сопствена песочна плажа со бесплатни чадори
И сето тоа ќе ве чини верувале или не само
135 евра
Се патува со лична карта, а термините се одредуваат во договор со Агенцијата
Можни се и збирни тури од неколку здруженија на пензионери
АГЕНЦИЈАТА HAK BUS ВРШИ И ТРАНСПОРТ НА ПАТНИЦИ ДО ПОВЕЌЕ ДЕСТИНАЦИИ ВО ЗЕМЈАТА И ВО ЦРНА ГОРА
контакт телефон: 044 330 400; 070 348 349




## ЗАНИМЛИВОСТИ

- Машкиот мозок е поголем од женскиот, но со годините побрзо се намалува. Мажите во текот на денот изговараат околу 1.000 зборови, а жените околу 10.000 зборови дневно.
- Во 2009 година се навршуваат сто триесет години од раѓањето на Алберт Ајнштајн, кој покрај генијалец, бил многу духовит човек и голем љубовција.
- Гените ни ги одредуваат карактеристиките на карактерот (агресивност, духовитост, дружењубивост идр), а не само физичките обележја.
- Стаорецот живее подолго без вода од камилата.
- Гуските најдолго патат после смрта на својот сопатник.
- Окото на нојот е поголемо од неговиот мозок.
- Кенгурчето кога ќе се роди е долго само 2,5 см.
- Некои школки се раѓаат само како машки. Во текот на животот само некои од нив стануваат женки.
- Албатросот може да спие додека лета со брзина од 40 км/час.
- Камилите имаат три пара очни капаци кои ги штитат од пустинскиот песок.
- Азиската слоница е бремена 20 месеци, а американскиот опосум (вид на мајмун) само две недели.
- Мравките никогаш не спијат.
- Синиот кит произведува најсилен звук и тоа 188 децибели.
- Забите на дабарот индијанците ги користеле како ножеви.
- Сината врана кога тагува или после некоја несреќа ја менува бојата на перјата.
- Кога ќе му се закани опасност на австралискиот полжав, тој може да „трча" и побрзо од коњ.
- Годишно во светот се пие околу 135 милиони литри кафе.
- Невролотот Дејвид Сото утврдил дека пациенти кои претрпеле мозочен удар и заради тоа им се влошил видот, истиот доста им се подобрил слушајќи омилена музика. Во експериментот учествувале 150 000 пациенти.
- Ризикот да имате проблеми со срцето се зголемува за 24% ако се создаде дисбаланс на внесување на калиум и натриум. Поголема количина на натриум се внесува со консумирање на сол.
- Децата на помладите татковци се поинтелегентни од децата на постарите татковци. Кај мајките случајот е обратен.
- Најновите истражувања утврдиле дека и дијабетисот го предизвикува вирус.
- Сообраќајниот метеж го зголемува ризикот од инфаркт за 32%.

М.Д.

## КРСТОЗБОР

| сз пм | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | сз пм | 7 | 8 | 9 | сз пм | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | | | | | | | 17 | | | | 18 | | | | | | |
| 19 | | | | | 20 | | | | | | | | 21 | | | | |
| 22 | | | | 23 | | | | | 24 | | | | | 25 | | | |
| сз пм | 26 | | | | | | 27 | | | 28 | | | | | | 29 | |
| 30 | | 31 | | | | | | 32 | | | 33 | | | | | | 34 |
| 35 | | | | 36 | | | | | 37 | | | | | 38 | | | |
| 39 | | | | | 40 | | | | | | | | 41 | | | | |
| 42 | | | | | | | 43 | | | | 44 | | | | | | |

**Хоризонтално:** Хоризонтално: 16. Наш најдобар фудбалер (Горан); 17. Пролетен месец; 18. Наше машко име (исто како на авторот на овој крстозбор); 19. Наша позната музичка група од Гостивар; 20. Каменот на мудроста; 21. Клобурец; 22. Стара мерка за тежина; 23. Орудие; 24. Програма, проект; 25. Социјалистичка Република Македонија (крат.); 26. Повик (мн.); 27. Буква од латиницата; 28. Староседелец на Панонија; 29. Првата буква; 30. Хемиски знак за калиум; 31. Грчка буква; 32. Извик; 33. Страна на светот; 35. Едно од имињата на индискиот политичар Шастри (1904–1966); 36. Кратенка на партија во РМ; 37. Место во Хрватска кај Бјеловар; 38. Временски термин; 39. Дел од верига; 40. Највисок степен на воодушевување; 41. Ирачки политичар (Ахмед Хасан); 42. Наше машко име; 43. Град во Германија на реката Дунав; 44. Одгледувалиште на риби.

**Вертикално:** 1. Река во Венецуела; 2. Бродот на Ное според Библијата; 3. Жителка на Неапол (Италија); 4. Наша афирмација; 5. Втората самогласка; 6. Еден од најголемите христијански празници; 7. Името на народниот херој Богоевски; 8. Иницијали на писателот Александар Кујунџиски; 9. Јавно сообраќајно претпријатие (крат.); 10. Лице кое ја чува границата; 11. Знак за електрон; 12. Единица за електричен отпор; 13. Угостителски објект; 14. Место во Нигерија; 15. Унгарско женско име; 17. Музичка нота; 18. Црна шумска креда; 20. Град на југот во Франција; 21. Американска национална управа за астронаутика и космички истражувања (крат.) 23. Буква од латиницата; 24. Согласка и самогласка; 25. Издаденост на копното во море; 26. Житен плод; 27. Атлетски спортски клуб (крат.); 28. Верски објект; 29. Фамилија бактерии; 31. Женски глас; 32. Музеј на современата уметност (крат.) 33. Првата буква на глаголицата; 34. Најголем остров на Јадран; 36. Хемиски знак за americиум; 37. Две различни согласки; 38. Две исти согласки; 40. Самогласка; 41. Сврзник.

**Лик и состав: Георги Хаџи-Васков**

**Решение:** Пандев, мај, Георги, Ареа, еликсир, меур, ока, алат, план, СРМ, апели, ел, анарт, а, К, омега, ах, исток, Лал, СДСМ, Рача, рок, алка, екстаза, Бакр, Стамен, Улм, рибник.

## Хумор

Трпе се фали:
– Жена ми е најдобар голман!
Се ми „брани".

* * *

Кенлерот го прашува гостинот:
– Зошто толку пиеш?
– Сакам се да заборавам.
– Тогаш Ве молам, прво платете си ја сметката.

* * *

Трпе оди на психијатар.
– Докторе, го слушам мебелот како ми зборува по дома со жена ми.
– Како тоа зборува?
– Па така, спијам со жена ми во кревет и го слушам орманот како збори со жена ми и вика „Заспа ли овој?".

* * *

Трпана: Трпе кај ќе одиме на одмор во лето? Може на Куба?
Трпе: Каков одмор, Ова лето треба да мислиме како да го вратиме кредитот...
Трпана: Добро бе миличок па и во Куба можеме да мислиме...

* * *

Се враќа политичар дома и почнува да ја бакнува жена му.
– Се е готово, ме избраа!
– Навистина? Да не лажеш?
– Не драга, веќе нема потреба!

* * *

Пациентот: – Докторе, кашлам и тешко дишам.
Докторот: – А пушите ли?
Пациентот: – Пушам, ама не помага.

* * *

Седат двајца во кафана и едниот забележал згодна девојка па го прашува колегата:
– Како да и приједам?
– Оди до нејзината маса и кажи и дека е убава, но немој да и кажуваш дека е секси.
Станува овој и оди кај девојката:
– Здраво! Убава си, ама не си секси!

* * *

Влегува Трпе дома мртов пијан, Трпана го гледа и му вика:
– Немам зборови!
А Трпе:
– Фала богу!

## Нема правда




Една чучулига паднала во стапица, плачела и си велела: Нема правда на светов. Некои крадат злато, сребро, скапоцени нешта, а јас само за едно мало зрно пченица настрадав!

ЗП Кочани

# Средба кај мананстирскиот компекс во Пантелеј

Над 2000 пензионери од 25 пензионерски здруженија од цела Македонија на 12 август 2017 година учествуваа на традиционалната средба на пензионерите од државата која по 11–ти пат се одржува во манастирскиот комплекс „Свети Пантелејмон" во кочанското село Пантелеј.

На собирот во името на организаторот присутните ги поздрави претседателот на Здружението на пензионерите на Кочани Горги Серафимов, додека во името на градот домаќин на пензионерите им посака добредојде и пријатен престој во оваа прекрасна планинска убавина градоначалникот на Кочани Ратко Димитровски.





На присустните им се обрати и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија Драги Аргировски кој ја истакна сплотеноста на пензионерите од државата низ заеднички средби, дружења и пријателство и потребата од продолжување на заедничкиот пат кон нови постигања во интерес на многубројните корисници на пензија во нашата земја..

Средбата во Пантелеј започна со традиционалната народна песна од кочанскиот крај „Ајде ред се редат кочански семејмени" во исполнение на Цанко Минов, а во културно–уметничката програма учествуваше фолклорниот ансамбл од ЗП Радовиш и Конче кој се престави со сплет од песни и ора од радовишкиот крај, со кои пред две години настапија на традиционалната меѓународна средба на пензионерите од третото доба во Љубљана, Р. Словенија, преставувајќи го СЗПМ и Македонија.

Учесниците на собирот ги посетија и двете манастирски цркви посветени на „Свети Пантелејмон" и на „Света Богородица" градени во 1871 година со фреско живописание од тајфата на зографот Димитрија Андонов Папрадишки.

**К. Герасимов**

ЗП Ѓорче Петров

# Прием кај градоначалникот

По повод денот на загинувањето (убиството) на револуционерот Ѓорче Петров чие име го наси општината, делегација на општинското здружение на пензионерите положи свежо цвеќе на споменикот на македонскиот деец.



По полагањето на цвеќе, градоначалникот на Ѓорче Петров, Сокол Митровски, познат по одличната соработка со пензионерите од општината, ги покани членовите на фолклорната група од здружението на пензионери која ќе настапи на меѓународниот фолклорен фетивал во Љубљана на прием и дружење.

При тоа градоначалникот Митровски им го честиташе успехот на учесниците и раковоството на здружението што е избрано да го преставува СЗПМ на Меѓународниот фолклорен фестивал во Љубљана – Р. Словенија кој ќе се одржи на 28 и 29 септември 2017 година, истакнувајќи дека овој успех на здружението преставува и гордост за општината Ѓорче Петров, која во рамките на можностите ќе помогне во покривање на трошоците за патување и престој во Љубљана.

Методија Новковски претседател на Извршниот одбор му се заблагодари на градоначалникот изразувајќи му благодарност за издвоеното време и за неговата поддршка, потенцирајќи дека со овој настап Здружението ја преставува општината Ѓорче Петров, градот Скопје како и Република Македонија.

Втората вест е поврзана со спроведување на програмата за организирање на излети во текот на првата половина на 2017 година. Реализирани се седум излети за членовите на ЗП од кои два излети се реализирани надвор од Р. Македонија и тоа еден излет до Поградец – Р. Албанија и еден до Лерин Р. Грција. За секој излет како низ Македонија, така и надвор од неа, здружението обезбедува по два добро опремени туристички автобуси. Членовите на ЗП Ѓорче Петров плаќаат само по 150 денари партиципација, а останатиот дел го плаќа здружението за што се планирани финансиски средства согласно финансискиот план. Во текот на овој месец беа изведени уште две екскурзии и тоа до Пелинце и до с. Слепче – Крушево. Пензионерите се задоволни од организирањето на излетите, а тоа го докажуваат со масовниот интерес.

**Љубинко Ристов**

# Промовирана книгата „Димитар Илиевски - легенда на македонскиот шах"




На 22.07.2017 година во присуство на голем број шахисти и вљубеници во оваа игра, во Домот на култура „Илинден" беше промовирана книгата „Димитар Илиевски–легенда на македонскиот шах", на авторите Ненад Батковски, Димитар Илиевски и Љубомир Хаџи–Манев.




За значењето на ова дело зборуваше шаховскиот велемајстор Влатко Богдановски.

– Книгата за интернационалниот шаховски мастор Димче Илиевски замислена и реализирана е како негова шаховска биографија. Станува збор за редок и вреден проект за оваа древна игра. Биографските податоци за Илиевски се во исто време и податоци за шахот на овие простори, но и пошироко во еден подолг период. Тој ќе биде запаметен како исклучителен талент, но и човек кој вредно и трудољубиво се надградувал низ годините.

На промоцијата зборуваа и претседателот на Сојузот на здруженијата на пензионери на Македонија, Драги Аргировски, како и градоначалникот на Општина Илинден, Жика Стојановски кои дадоа поддршка на издавањето на оваа книга.

Во име на авторите на присутните им се обрати и Ненад Батковски, како и „главниот виновник" за ова дело, Димитар Илиевски, кој не ја криеше благодарноста што токму пред колегите шахисти учесници на шаховскиот турнир има можност да ја промовираат оваа книга.

Промоцијата се одржа во рамките на шаховскиот турнир, кој е дел од Спортскиот викенд „Илинден 2017" што се одржува по повод патрониот празник на општината „Илинден 2–ри Август" и големиот националниот празник на македонскиот народ.

**В. Богдановски**

ЗП Крушево

# Самостојна изложба на сликарот Петар Начески

Извршниот одбор на ЗП Крушево, заедно со Комисијата за култура, според Програмата за работа за 2017 година, покрај другите активности реализираше и изложба на пензионерот – сликар Петар Начески. Изложбата ја отвори претседателот на ЗП Крушево **Глигор Ангелески** кој при тоа ги поздрави присутните кои беа во доста голем број од Крушево, но и од другите градови во Републиката. Меѓу почитувачите на авторот имаше многу пензионери кои искажаа голем интерес за оваа изложба. Претседателот Ангелески поздравувајќи ги присутните го изрази своето задоволство бидејќи за прв пат од постоењето на здружението се реализира една ваква активности и посебно се заблагодари на СЗПМ за дадената финансиска помош, без кој оваа активност немаше да може успешно да се реализира. Промотор на изложбата беше професорот Никол Јовановски кој истакна дека на овааа изложба сликарот Начески се претставува со 26 негови дела изработени во различни техники, но најдоминантни се сликите изработени во акварел техниката. Според него авторот Начески успешно ја совладал оваа техника и ја применил на само нему својствен начин во различни тематски преокупации: пејсажи, цвеќе, стара крушевска архитектура и слично, но мора да се признае дека особено успешен е во сликањето на портрети.



На 8.8.2017 година изложбата ја посети и потпредседателот на ИО на СЗПМ **Салтир Каровски**. Неговиот впечаток за изложбата беше доста позитивен. Тој при тоа вети дека СЗПМ и во иднина ќе поддржува вакви и слични активности на здруженијата.

**Д. Трајкоски**

# За нашите пензионерски успеси дознава и светот

Во августовскиот број на канадскиот весник „Македонија" излезе напис за Монографијата „Пензионерски активности за почит" во кој се поместени со текст и фотографија пензионерските активности за време на 70 годишното опстојување на пензионерското организирање во Македонија. Благодарение на овој напис за македонските пензионери и нивните резултати и постигања ќе дознаат нашинците во светот. Ќе дознаат кои сме, какви сме, колку сме активни и колку си ја сакаме Македонија, без разлика колку години имаме и каде и да сме. Објавувањето на написот е во рамките на соработката на СЗПМ со весникот „Македонија" и неговиот главен и одговорен уредник почитуваната Соња Лозановска која со неколкуте досега објавени текстови во весникот им направи чест и почит на 250 000 пензионери кои имаат пријатели и врсници на секаде во светот и со задоволство ќе прочитаат напис поврзан со нивниот живот и активности во третото доба.


Македонска заедница
Неизбришлива историска трага за пензионерското дејствување
70 години 1946 – 2016
СЗПМ
ПЕНЗИОНЕРСКИ АКТИВНОСТИ ЗА ПОЧИТ
МОНОГРАФИЈА

**К.С.А.**

# Средба на власите на Пониква

На терените на Пониква на Осоговските планини на 8 јули 2017 година традиционално се одржа манифестацијата „За Петровден сите на планина" во пресрет на верскиот празник Петровден и празникот на градот Кочани. Самиот проект „За Петровден сите на планина" кој опстојува цели десет години и годинава беше средба на неколку генерации, средба на искуството на доаѓените на влашката песна, со ентузијазмот и енергијата на младите.




Во името на градот Кочани присутните ги поздрави **Аника Илијеска - Горгиева**, од секторот за општествени дејности која изрази благодарност до Групатата „Грамостеањ" од Скопје. Групата од 2008 година континуирано ја организира и го помага одржувањето на оваа манифестација на која доаѓа многу народ од повеќе краеви на Македонија и Балканот чии корени се влашки семејства кои потекнуваат од Пониква и Осоговијата, а сега раселени насекаде низ светот. Во годините од минатиот век за Петровден на Пониква кај Влашките колиби се собирал броен народ, се простирале богати софри, се пеело и играло неколку дена по ред од утро до мрак. Тоа била средба на влашките семејства кои со својата стока престојувале на мандрите и влашките колиби на Пониква.

– Посебно сме среќни што и годинава покровител на фестивалот „За Петровден сите на планина" е општината Кочани, која оваа манифестација ја вброи во содржините по повод Петровден празникот на градот, – истакна Илијеска – Горгиева.

Во културно умнетничкиот дел од манифестацијата настапија пејачки и фолклорни групи и оркестри од Скопје, Штип, Куманово, како и гости од Албанија и Бугарија, кои ја негуваат влашката песна и фолклор. Годините не им беа пречка и на голем број пензионери од повеќе краеви на Македонија да го презентираат богатиот изворен фолклор, песната и обичаи настапувајќи на сцената заедно со помладите.

**К.Г.**

Лидија Лучко Јеремиќ, поетеса и активистка

# Заслужени признанија



Меѓу пензионерите, а посебно меѓу поетите во Македонија, доволно е да се спомне името Лидија Лучко Јеремиќ и секој да ви каже дека станува збор за доајенот на македонското манекенство, а сега афимираната поетеса, пензионерка од ЗП Карпош, која и во поезијата чекори кон славата и почнува да ги освојува истите простори, како некогаш манекенските писти во поранешна Југославија. Талентот за поезија го носи во себе уште од детството, но до израз доаѓа со првата стихозбирка „Дараѓаја" 2013 година. На промоцијата на своето првенче ветува дека секоја година ќе издава по една книга поезија и си останува на зборот. Така, 2014 година од печат излегува стихозбирката „Низ танцот на љубовта", 2015 „Лулка на срцето" и „Чудотворен колаж", 2016 „Дали еопеја за болката", а растежот продолжува и во оваа 2017 година со „Александровна". Сигурно пензионерката Лидија тука нема да застане. Инспирирана од вечната и најпривлечна тема – љубовта, Лидија своите чувства ги преточува во поезија која станува посебна и препознатлива на пошироки поетски простори. Така, таа почна да се афирмира и пополека, но сигурно да го зазема своето место во современата македонска лирика. Можеби Лидија не може да се споредува и да се носи со познатите и признати поети кои за секогаш оставиле траен печат, но впечатокот и чувствата што ги носи во себе, карактеристични се за неа и на неа наликуваат. Таквата посебност и издвоеност, всушност, ја внесоа и во Зборникот творби „Видовдански песнички сусрети" 2017 година, а неодамна ја одведоа во Белград на поетската манифестација во Борча, токму на Видовден, што ја организираше Здружението на писатели – поети „Дунавски венац" и Српската православна парохија – Овчанска. Оттаму Лидија се врати со висока Втора награда на ниво на поетите во Србија и се закити со повеќе признанија и благодарници за успешните поетски настапи на „Скадарската боемија", на „Звездене зоре" на Дунавските сплавови, како и во Домот на културата „Кочо Рацин" во Јабука. Признанијата и наградите што ги има добиено Лидија за постигнатиот творечки дострел и во нашата земја, тешко е да се набројат. Од многубројните ги издвојуваме: II награда на Р.М. на конкурсот „Мојот град – лулка на моето постоење" од ЗП Куманово 2009, настап на „Струшките вечери на поезијата – Интернационална ноќ без интерпункција 2013, II награда за стихозбирката „Низ танцот на љубовта" од Здружението на просветни работници и литературни творци на РМ на XXII средба 2014, признание од „Црвен крст" на град Скопје 2015, од Здружението на уметници „Културен бран" – Гостивар 2014, награда на конкурсот за поезија по повод „Светскиот ден на книгата 2015", избор и поддршка на книгата „Дали еопеја за болката" од Министерството за култура на РМ 2016 и други. Овде, безбудриго, треба да се истакне и нејзиниот придонес во работата и афирмацијата на матичното здружение ЗП Карпош како член на Извршниот одбор и како претседател на Комисијата за култура.

**М. Димовски**